**УНИВЕРЗИТЕТ "СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА**

**ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ ПО МЕНАЏМЕНТ ВО ОБРАЗОВАНИЕ**

# СОВРЕМЕНИТЕ ТЕНДЕНЦИИ ВО РАЗВОЈОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**(Магистерски труд)**

**Ментор:**
**Проф. Д-р Марија Тофовиќ Ќамилова**

**Кандидат:**
**Имер Јусуфи**
**Бр. 2675**

**Декември, 2011 год.**

**Скопје**

# СОДРЖИНА


**Вовед** ........................................................................................ 5

**I. Теоретски проблем на истражувањето** ........................................ 6

**1. Развој на образование во Република Македонија** ............................ 6

1.1. Воспитанието и образованието во Македонија меѓу двете светски војни .......... 6

1.2. Воспитно-образовната дејност во Македонија за време на НОБ и борбата за македонско национално школство и просвета .......................................... 6

1.3. Развој, состојби и промени на високото образование ................................ 7

1.4. Ширење на мрежата на високошколските организации ................................ 7

1.5. Развој на воспитанието и образованието во Македонија во постреформскиот период со посебен осврт на високото образование .................................. 8

1.6. Карактеристики во врска со движењето на бројот и структурата на студентите ........................................................................................ 8

1.7. Проблем во врска со експанзивниот развиток на високото образование .......... 9

1.8. Образование на возрасните ........................................................................ 9

1.9. Работнички универзитет ............................................................................ 10

1.10. Центри за стручно образование и усовршување на возрасните .................. 10

1.11. Училишта за образование на возрасните .................................................. 11

1.12. Високо образование во Република Македонија ......................................... 12

1.13. Поставеност на трите циклуси на високото образование во РМ ..........,.......... 13

1.13.1. Циклусите на високото образование ................................................ 13

1.13.2. Прв циклус на универзитетски студии .............................................. 13

1.13.3. Втор циклус на универзитетски студии ............................................. 13

1.13.4. Трет циклус на универзитетски студии - докторски студии ................ 14

1.14. Програмска поставеност ........................................................................ 15

1.15. Дисперзирани студии во Република Македонија ...................................... 17

1.15.1. Начините на кои се создадени дисперзираните студии......................... 18

1.15.2. Објекти во кои се изведува наставата на дисперзираните факултети ... 18

1.15.3. Преглед на сите градови со означен број на дисперзирани студиски програми до 2010/2011 ........................................................................ 18

1.15.4. Преглед на број на факултети и студенти во Република Македонија.... 21

1.15.5. Последици од појавата на дисперзирани студии ................................ 22

**2. Болоњски процес и имплементација** ........ 23
2.1 Болоњска декларација ........ 23
2.2. Поим за Болоњски процес ........ 26
2.3. Заедничката декларација на европските министри за образование свикано во Болоња ........ 27
2. 4. Болоњска магна карта ........ 29
2.4.1. Преамбула ........ 29
2.4.2. Основни принципи ........ 30
2.4.3. Средства ........ 31
2.5. Копенхашката декларација ........ 33
2.5.1. Европска димензија ........ 35
2.5.2. Транспарентност, информација и управување ........ 35
2.5.3. Признавање на компетенциите и квалификацијата ........ 35
2.5.4. Обезбедувањето на квалитетот ........ 36
2.6. Берлинска конференција ........ 37
2.7. Соопштение од Мастрихт ........ 38
2.8. Бергенски состанок на министрите ........ 39
2.9. Припрема на високото образование за 2015 г. ........ 40
**3. Квалитет и Евалуација на процесот** ........ 40
3.1. Стандарди за евалуација ........ 40
3.2. Избор на евалуацијата ........ 41
3.3. Основни параметри за евалуацијата ........ 42
3.4. Пример на структурата на табелите за наставничката самоевалуација ........ 42
3.5. Контуираната евалуација на работата на универзитетските наставници и соработници ........ 43
3.6. Обезбедување квалитет во високото образование ........ 46
3.7. Пристап кон квалитетот и стандардите ........ 49
3.8. Европските и меѓународните трендови во обезбедувањето на квалитетот ........ 50
3.9. Цели за усвојување на заеднички, европски стандарди и насоки за обезбедување на квалитет........ 51
3.10. Вклучување на студентите во обезбедувањето на квалитетот ........ 53
3.11. Пример за обезбедување на квалитет на наставниците во универзитетите во Република Македонија ........ 54

3.12. Акредитација ........................................................................................ 56
**4. ЕКТС во високото образование** ...................................................................... 60
4.1. Кредитен систем ........................................................................................ 61
4.2. ЕКТС бодови ............................................................................................. 62
4.3. ЕКТС скала на оценувањето .......................................................................... 62
4.4. ЕКТС и студентите ...................................................................................... 66
4.5. ЕКТС и Универзитетите ................................................................................ 66
4.6. Примена на ЕКТС во праксата ........................................................................ 66
4.7. Клучните обележја на ЕКТС .......................................................................... 67
4.8. Доделување на бодовите .............................................................................. 67
4.9. Дипломата „supplement" ............................................................................... 68
а) Информации за сопственикот на дипломата ..................................................... 69
б) Информации за квалификациите .................................................................... 69
в) Информации за степенот на квалификации ....................................................... 70
г) Информации за содржината и постигнатите резултати ......................................... 70
д) Дополнителни информации ......................................................................... 70
ѓ) Сертификација ........................................................................................... 70
е) Организацијата на студиите од перспективата на доживотното учење ..................... 71
**5. Високото Образование во ЕУ** ......................................................................... 72
5.1 Систем на студирање во Европа ........................................................................ 72
5.2. Најдобро рангираните европските универзитети .................................................. 72
5.3. Мобилност и интернационализација ................................................................. 75
5.4. Вработување на завршените студенти ............................................................... 76
5.5. Извори на финансирањето на високошколските установи во земјите на ЕУ...... 78
5.6. Видови високошколски установи во Европа ......................................................... 80
5.7. Автономија на Универзитетот ........................................................................ 84
5.8. Неформално образование .............................................................................. 87
5.8.1. Што претставува неформално образование ...................................................... 87
5.8.2. Што претставува формално образование .......................................................... 87
5.8.3. Разлика помеѓу формално и неформално образование ......................................... 88
5.8.4. Што претставува информалното образование .................................................... 88
5.9. Доживотно учење ........................................................................................ 88

**II. Методологија на истражувањето ........................................ 90**

**1. Предмет на истражувањето ........................................** 90

**2. Цел на истражувањето ........................................** 91

**3. Задачи на истражувањето ........................................** 92

**4. Хипотези на истражувањето ........................................** 92

**5. Варијабли на истражувањето ........................................** 92

**6. Методи, техники и инструментите на истражувањето ........................................** 93

**7. Примерок од истражувањето ........................................** 94

**8. Организација и тек на истражувањето........................................** 94

**III. Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето ... 96**

**1. Ставовите на професорите за дисперзираните факултети ........................................** 96

**2. Ставовите на студентите за дисперзираните факултети ........................................** 106

**3. Заклучни сознанија и препораки ........................................** 113

- Користена литература ........................................ 115
- Прилози ........................................ 118
- Анкетен лист за професорите ........................................ 119
- Анкетни лист  за студентите ........................................ 122

# Вовед

Првиот чекор во овој труд беше изборот на научната област во склоп на изборот на темата за магистерски труд. Одбрав научно подрачје на друштвените науки – областа на образованието со тематски наслов „Менаџментот во образованието“, а потоа извршив избор и формулирање на темата. Предмет и тема на овој труд се современите тенденции на развојот на високото образование во Република Македонија.

Формулирањето на проблемот на истражувањето траеше подолг период, почнувајќи од изборот на научните подрачја до конечниот избор на темата. Почетната основа е глобалниот интерес за научно теоретската област на образовнието, со посебен акцент на високото образование. Требаше да се утврди точен, логичен и прифатлив наслов на темата, при кој што се држев само до познати методолошки правила спрема кои темата мора да биде поврзана за еден заокружен домен. Тоа значи дека темата не смее да биде претесна, ниту прешироќа, да не се работи само за еден вид проблеми или напротив за преширок комплекс на проблеми. Со таквото размислување и метод на работа дојдов до оптимална тема под наслов “Современите тенденции на развојот на високото образование”.

Утврдениот предмет на истражување подразбира обработка на образовниот систем на високото образование во Република Македонија, почнувајќи од историјата на школството до развојот на високото образование во 70-тите години на минатиот век и правата “експлозија” на високото образование пред петнаесетина години, па до најновите суштински промени во високото образование преку Болонскиот процес.

Високото образование претставува традиционална структура, па дури и догматско подрачје кое многу бавно прифаќа и надминува промени. Сепак комбинацијата на друштвени околности, придонесуваат на тоа да и високото образование трпи промени и да го прифати предизвикот на брзите промени и транзицијата без обвинување на глобализацијата и општите изедначувања.

# I. Теоретски проблем на истражувањето

## 1. Развој на образованието во Република Македонија

### 1.1. Воспитанието и образованието во Македонија меѓу двете светски војни

Познато е дека по Балканските војни (1921/1923) Македонија, која дотогаш претставувала етнички компактна територија под турската власт, била распарчена и поделена меѓу соседните држави Србија, Бугарија и Грција. Сите три држави почнале да водат политика на асимилација, притоа користејќи ги во прв ред училиштата, воспитанието и образованието. Така за македонскиот народ се отворани училишта на бугарски, српски и грчки јазик. Системот на воспитанието и образованието во предвоена Југославија, кој бил преименуван и во Македонија, бил класно детерминиран, недемократски и крајно неразвиен. Дури и основното четиригодишно образование, како обврзно, останало недоволно развиено. Средното образование, како во однос на мрежата така и во однос на структурата, исто така останало крајно неразвиено. Најраспространета средношколска институција била Гимназијата. Високото образование останало најнеразвиен сегмент на школскиот систем. За време на предвоена Југославија во Македонија постоела и работела само една високошколска институција, Филозофски факултет во Скопје.

### 1.2. Воспитно-образовната дејност во Македонија за време на НОБ и борба за македонското национално школство и просвета

Борбата за македонска народна просвета и култура за подигање на културното и образовното ниво на македонското население била составен дел на оружената борба од самиот нејзин почеток. Со разгорувањето на востанието и со создавањето на првите слободни територии во текот на 1943 година, културно-просветната дејност значително се зголемила. Со цел таа што поорганизирано да се одвива, при главниот штаб на НОВ и ПОМ било формирано посебно одделение со задача да се грижи за школството и просветата. Она што е особено важно да се истакне за работата на овие училишта е тоа

што тие први ја организираа и изведуваа наставата на македонски мајчин јазик, со што ги поставија темелите на македонското национално школство.

## 1.3. Развој, состојби и промени на високото образование

Имајќи го предвид значењето на високото образование и науката за вкупниот општествен развиток, а со тоа и за излегување на Македонија од вековната заостанатост, веднаш по ослободувањето новата народна власт пристапи кон основање на првиот универзитет во нашата Република. Првите чекори се направени во почетокот на 1945 год кога на 16 април бил донесен закон со кој се овластува Президиумот на Народното собрание на Македонија да подготви посебен закон за Универзитетот во Скопје. Во првата учебна година биле запишани 548 студенти од кои 427 редовни и 121 вонредни, и тоа на 7 студиски групи на историско-филолошкиот оддел и на 5 студиски групи на природно-математички оддел.

## 1.4. Ширење на мрежата на високошколските организации

По формирањето на Универзитетот во Скопје, започнува процес на забрзан развој на високото образование, при што покрај факултетите се отвораат и виши школи кои со време ќе станат составен дел на системот на високото образование. Во 1949 година е основан Економскиот и Техничкиот факултет, потоа Правниот и Медицинскиот факултет. Треба да се обележи дека во овој период, покрај факултетите се отвораат и неколку виши школи како установи за подготвување стручњаци со вишо образование. Првата виша *школа формирана во Македонија е Вишата педагошка* школа во Скопје. Таа е основана со уредба на Владата на НРМ од 17 септември 1947 година. Анализата за развојот на мрежата на високото образование покажува дека за само 5 години по ослободувањето тоа бележи значајни резултати. Отворени се 6 високошколски установи (5 факултети и една виша школа) во кои на крајот на овој петгодишен период биле опфатени 2 400 студенти.

## 1.5. Развојот на воспитанието и образованието во Македонија во постреформскиот период со посебен осврт на високото образование

Овој период без сомнение е еден од најбурните за високото образование, чиј развиток го обележуваат два битни процеса, самоуправуваната преобразба и експанзијата. Со донесувањето на Општиот закон за факултетите и универзитетите 1960 година и новите устави, се создадени основи за натамошен динамичен раст на високото образование и за негова натамошна самоуправна трансформација, започната уште во претходниот период врз принципите на општественото управување. Така со овие закони факултетите и универзитетите се прогласени за самостојни и самоуправни работни организации од посебен општествен интерес. Суштината на овие промени накусо речено се изразувала во настојувањето да се изгради што поеластичен и структурно што поразгранет систем како по степени, така и по програмски содржини и стручни профили кој ќе овозможи ефикасна репродукција на разновидни високостручни кадри. Започнатите процеси на реформа на вискито образование во нашата Република своја легализација добиваат со законот за вискокото школство во НРМ, што Народното собрание на НРМ го донесе на 30 мај 1961 година. Во овој период особено брз и динамичен развој бележи вишото образование. Во овој период доаѓа до формирање на две високи школи. Во јули 1966 година е основана првата висока школа во Македонија, а тоа е Високата музичка школа во Скопје. Втората висока школа е формирана во Прилеп во 1972 година, кога дотогашната Виша економска школа прераснува во висока, со задача да подготвува кадри од економско-комерцијална и економско-финансиска струка.

## 1.6. Карактеристики во врска со движењето на бројот и структурата на студентите

Проширувањето на мрежата на високото образование што го овозможи релативно брзиот општествено-економски развиток на македонското општество од една страна и либерализацијата на уписната политика од друга страна, доведе до појава на масовно студирање, односно до енормно зголемување на бројот на студентите. Така бројот на студентите од 9 360 колку што изнесуваше во учебната 1958/59 на крајот на овој период, односно во учебната 1974/75 година е зголемен на 37 499, што претставува пораст од

400% или за 4 пати повеќе. Порастот на бројот на студентите бил многу поизразен на факултетите и високите школи, а порамномерен на вишите школи.

## 1.7. Проблеми во врска со експанзивниот развиток на високото образование

Брзото и нагло зголемување на бројот на студентите предизвика повеќе проблеми кои го придружувале ваквиот развој, меѓу кои посебно изразени биле:

- Недостигот од наставнички и соработнички кадри
- Влошувањето на материјалните и просторните услови и
- Опаѓањето на ефикасноста и квалитетот на студирањето

Недостигот на наставнички и соработнички кадри речиси бил постојано актуелен проблем во текот на целиот овој период. Тој се заострувал со порастот на студентите, иако паралелно со тоа се зголемувал и бројот на наставниците и соработниците.

Што се однесува до материјално-просторните услови и опременоста на наставни и други средства како неизбежна претпоставка за успешно студирање, забележлива е тенденцијата на постојано влошување. Во учебната 1968/69 година на пример, вкупниот корисен простор на факултетите изнесувал 37 707 м2 или просечно по редовен студент 2,97м2. Во учебната 1972/73 година, меѓутоа некои факултети поради големиот број студенти работеле во изразито лоши услови. Економскиот факултет на пример располагал само со 0,51м2, Правниот дури со 0,39м2 корисен простор по редовен студент.

Причините со опаѓањето на ефикасноста на студирањето се бројни и разновидни. Најчесто тие се врзуваат за последиците обусловени од масовното студирање, неадекватни материјално-просторни услови, слабата опременост со наставни и други средства, голем број на студенти, недоволен број на наставници и соработници, слабите изгледи и можноста за вработување.

## 1.8. Образование на возрасните

Образованието на возрасните иако долго време било надвор од глобалниот систем на воспитанието и образованието, во триесетгодишниот повоен развиток на македонското општество, одигра значајна улога во подигањето на образованието и на културното ниво

на возрасните, кои од низа причини немале можност да се образуваат во институциите што го сочинувале редовниот школски систем. Донесени се повеќе значајни прописи со кои се регулира образованието на возрасните меѓу кои: Закон за вечерните основни училишта (1954), Закон за нижите гимназии (1955), Закон за стручно образование на земјоделците (1956) и др.

### 1.9. Работнички универзитети

Во нашата Република работнички универзитети како институции за образование на возрасните почнуваат да се формираат од 1953 година. Тие доживуваат мошне динамичен развиток, поминувајќи низ неколку развојни фази. Работничките универзитети во својата насоченост и програмска заснованост веќе во овој период успеале да се развијат во установи за интегрално образование на возрасните. Како институции со поливалентна функција за образование и културно издигнување на возрасните, работничките универзитети својата дејност ја развиваат врз следните образовни подрачја:

- Марксистичко, општествено-економско и политичко образование
- Основно општо образование на возрасните
- Стручно образование на возрасните
- Културно-уметничка дејност
- Образование за општонародна одбрана и општествена самозаштита
- Информативна и издавачка дејност

### 1.10. Центри за стручно образование и усовршување на возрасните

Центрите како форма за стручо образование и усовршување на возрасните во нашата Република се јавуваат во почетокот на 60-тите години, по донесувањето на Сојузната резолуција за образованието на стручните кадри (1960). Најбројни вакви институции во Македонија биле центрите за стручно образование и преквалификација на невработените. Тие работеле во рамките на дејноста на заводите за вработување. Мрежата на овие институции речиси ја покривала целата територија на Македонија. Во периодот 1961-1974 година на територијата на Македонија работеле 17 вакви центри при заводите за

вработување, а стручно оспособување вршеле во 26 населени места. Овие центри располагале со 92 училници со 7 360м2 за теоретска настава и со 62 работилници со 27 000м2 работен простор во кои се изведувала практична обука.

## 1.11. Училишта за образование на возрасните

Од учебната 1953/54 година почнале со работа и повеќе училишта за основно образование на возрасните. Нивниот број од година на година постојано растел. Во учебната 1960/61 година, на пример во Македонија работеле 108 вакви училишта со вкупно 8 453 посетители.

Покрај основните, во овој период се јавуваат и неколку училишни форми за стручно образование на возрасните меѓу кои:

- училишта и паралелки за стручно образование на веќе вработените работници
- училишта за квалификувани и висококвалификувани работници
- специјални паралелки за возрасни при стручните училишта
- вонредно школување на возрасните при стручните училишта и сл.

Училиштата за стручно образование на возрасните најдинамичен развиток доживуваат по донесувањето на резолуцијата за стручно образование 1960 година.[1)]

---

1) **Камберски, К.** (1994), Од Буквар до Универзитет, Развојот на образованието во Македонија по ослободувањето, Просветно Дело, Скопје.

## 1.12. Високо образование во Република Македонија

Високото образование во Република Македонија се организира во високите школи, факултетите и академиите.

Универзитет може да се организира доколку постојат најмалку 5 високообразовни установи. Универзитетот е највисока автономна високообразовна, научна, односно уметничка установа која ја сочинуваат високообразовните установи кои се основани со закон.

Факултетите се високообразовни и научни установи кои вршат високообразовна дејност, уметничка и научноистражувачка и високостручна работа во една или во повеќе сродни уметнички области.

Уметничките академии се високообразовни институции кои вршат високообразовна дејност, уметничка и научноистражувачка работа во една или во повеќе сродни уметнички области.

Високите школи се високообразовни институции кои вршат високообразовна дејност за стручни студии и високостручна работа во една или повеќе сродни области.

Високото образование во Република Македонија е организирано на четирите државни универзитети, во Скопје, во Тетово, во Битола и во Штип, и на два приватни во Скопје и во Тетово.

Во Република Македонија високообразовна дејност организираат и приватни универзитети, факултети и колеџи, во Скопје, во Тетово, во Битола, во Струга, во Св. Николе и сл. На високообразовните институции во земјава, покрај додипломските, речиси во сите научни области се организираат и последипломски студии, а се стекнува и највисокото академско научно звање-доктор на науки. [2)]

---

2) Гоцевски, Т.; Гоцевски, С. (2009), Образовните системи во Европска Унија, Филозофски Факултет - Скопје, Киро Дандар, Битола., стр.18.

## 1.13. Поставеност на трите циклуси на високото образование во РМ

### 1.13.1. Циклусите на високото образование

Студиските програми за стекнување на образование се распоредуваат во три циклуси на високото образование:

- прв циклус на универзитетски студии,
- втор циклус на универзитетски студии и
- трет циклус, докторски студии.

Секој циклус на универзитетските студии завршува со стекнување на одреден назив.

Одредени студиски програми можат да се реализираат итегрирано низ првиот и вториот циклус.

Секој циклус на студии мора да биде во согласност со европскиот кредит трансфер систем на пренос и акумулација на кредити (во натамошниот текст: ЕКТС), според кој за една година на студии по правило се стекнуваат 60 ЕКТС кредити.

### 1.13.2. Прв циклус на универзитетски студии

Првиот циклус на универзитетските студии, по правило трае од три до четири години и со неговото завршување стекнуваат од 180 до 240 ЕКТС кредити. Овие студии ги оспособуваат студентите за влез во втроиот циклус на универзитетски студии и им се дава можност за вработување на одредени стручни работни места.

Лицето кое ги завршило студиите од ставот 1 на овој член се стекнува со диплома со додавка на соодветната струка, ако со закон поинаку не е уредено.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, академскиот назив по завршување на првиот циклус на студии е baccalaureus, односно baccalaure.

### 1.13.3. Втор циклус на универзитетски студии

Академските универзитетски студии од вториот циклус траат една до две години и со нивното завршување стекнуваат од 60 до 120 ЕКТС кредити. Овие студии можат да траат и подолго доколку тоа е во согласност со меѓународно прифатените стандарди за даден профил.

Вкупниот број на кредити кои се стекнуваат на првиот и вториот циклус на универзитетските студии изнесува 300 ЕКТС кредити.

Лицето кое ги завршило студиите од ставот 1 на овој член со вкупно 300 ЕКТС кредити се стекнува со научен назив - магистер, или со друг назив на студиите од членот 106 на овој закон.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, научниот назив по завршување на втор циклус на студии е master.

### 1.13.4. Трет циклус на универзитетски студии – докторски студии

Докторските студии траат, по правило, три години и носат 180 ЕКТС кредити. Со јавната одбрана на докторскиот труд стекнува научен назив доктор на науки (dr.sc) односно доктор по уметности (dr.art).

Докторските студии можат да се запишат по завршувањето на вториот циклус на академски студии.

Универзитетот може да организира студии од трет циклус во траење помалку од три години, со кои се стекнува звањето специјалист по одредено подрачје (spc). Називот специјалист т.е. неговата кратенка се додава на академскиот назив стекнат од вториот циклус на универзитетски студии.

Универзитетот може да утврди дека со завршувањето на специјалистички студии се стекнува поинакво звање од звањето пропишано во ставот 3 на овој член, во случај кога за одредено стручно подрачје со посебен закон е пропишано специјалистичко усовршување.

Универзитетот со општ акт го уредува стекнувањето на ЕКТС кредити на докторските студии и ги пропишува ЕКТС кредити потребни за пријава на докторски труд.[3)]

---

3) Закон за високото образование, Сл. Весник на Р.Македонија бр. 35 од 14.03.2008, чл. 93,94,95,96.

## 1.14. Програмска поставеност

Сегашната поставеност на студиите и предметните програми на државните универзитети, во најголема мерка го фаворизира енциклопедизмот. Наставниците се фокусирани на целите и задачите на програмите, т.е. нивното внимание е концентрирано врз реализацијата на однапред дадени содржини, кои се трансформираат во цели и задачи.

Досегашните интервенции попатно или недоволно ги осмислува преобразбите во образованиот процес. Како сегмент, тој остана речиси неизменет: предавачки стил на работа со студентите, негување и поттикнување на меморирањето, наместо учење со разбирање и/или учење по пат на решавање на проблемите, послушност наместо критичност, пасивност наместо активност, фронтална работа наместо интеракција, недоволна употреба на современи наставни средства, недоволна употреба на информациска технологија и сл.

Во наставата доминираат традиционални техники, кои во голема мерка ги пасивизираат студентите, за сметка на доминантна улога на наставникот.

Автократски тип на раководење и предавањето се најчесто применуваните техники кои се користат во настава, што придонесува процесите на интеракција и активното учење на студентите во текот на настава да бидат вистинска реткост на современите облици на наставата и учење од страна на наставниците (особено од помладите) во последно време се засилува, но тоа сè уште е недоволно. Ваквата состојба, со право, го отвора прашањето за спремноста и оспособноста на наставниот кадар за промена на современи техники на настава и учење. Причините за доминацијата на традиционалните модели на учење може да се барат во:

- Големиот број на студенти во група
- На современа информационо-комуникациона технологија и нејзината недоволна примена во процесот на учење
- Слабите дидактички компентенции на дел од наставници
- Системот за вреднување на наставниците
- Непримената на концептот за резултати од учењето (Learing Outcoms) во предметните програм
- Слабата оспособеност на студентите за самостојна работа

За разлика од државните, приватните високообразовни институции имаат поголеми можности (современа технологија, мали групи за настава, просторни услови) за примена на современи модели на настава и учење. Но, поради тешкотиите во обезбедувањето на квалитетен наставен кадар, и овие институции не секогаш се во можност да им пружат на студентите современа настава и учење. Затоа се преземени следните мерки:

- Имплементација на концепцијата на образовен излез (Learing Outcomes) во наставниот процес,
- Воведување на информационо-комуникациони технологии и Интернет во процесот на учење,
- Обука на наставниот кадар. [4)]

---

4) Национална Програма За Развој На Образование Во Република Македонија 2005-2015, Со Придужни Програмски Документи,стр,287-28

## 1.15. Дисперзирани студии во Република Македонија

На следнава слика е прикажана моменталната состојба на државните, приватните и дисперзираните студии во нашава земја. Притоа може да забележиме дека со дисперзијата на високото образование добивме факултети речиси во секое поголемо населено место.




Ваков начин на дисперзија на високото образование е познат и кај неколку европски земји како Франција, Италија, Словенија, Финска и др., на Балканот кај Босна и Херцеговина, Бугарија и Србија. Причината поради која е направена ваква дисперзија може да се согледа од следниве фактори:

- Зголемен опфат
- Приближување до граѓаните
- Камуфлажа на невработеноста
- Лесна академска кариера
- Борба за студенти
- Привлекување гласачи

### 1.15.1. Начини на кои се создадени дисперзираните студии се:

- ☐ Со декрет
- ☐ Без анализа
- ☐ Без јавна дебата
- ☐ Без акредитации
- ☐ Без обезбедени услови
- ☐ Без соодветен кадар
- ☐ Со мотивирани општини

### 1.15.2 Објекти во кои се изведува наставата на дисперзираните факултети се:

- ☐ Градинки
- ☐ Основни и средни училишта
- ☐ Фабрики
- ☐ Работнички домови
- ☐ Домови на култура
- ☐ Детски одморалишта

### 1.15.3 Преглед на сите градови со означен број на дисперзирани студиски програми до 2010/2011




На оваа слика ги имаме само општините во кои имаме дисперзирани студии, а на сликава подолу ќе ги издвоиме четирите државни универзитети и нивните факултети кои имаат дисперзирани студии по општини.




Во следниов дел ќе прикажеме неколку графици, притоа во првиот график е дадена графичка анализа за четирите државни универзитети, бројот на факултети кои нудат дисперзирани студии и број на градови каде што може да се изведува наставата.




Во овој графички приказ е прикажан бројот на студенти по дисперзирани студии по универзитети за студиските години 2008/2009 и 2009/2010.




И во овој графички приказ се дадени понудените места за упис во студиската година 2010/2011 на дисперзираните студии по универзитети.




## 1.15.4. Преглед на број на факултети и студенти во Република Македонија

| Академска година | Факултети (државни и приватни) | Студенти |
|---|---|---|
| 2004/05 | 38 | 48252 |
| 2005/06 | 36 | 47092 |
| 2006/07 | 43 | 55673 |
| 2007/08 | 78 | 62440 |
| 2009/10* | 99 | ~ 70.000 |

5)

5) http://www.soros.org.mk/dokumenti/DISPERZIRANI-Prezentacija-za-press.ppt

### 1.15.5. Последици од појавата на дисперзирани студии се следниве појави:

- Руиниран углед на академската професија
- Нарушена автономија
- Лош квалитет на образованите услуги
- Зголемен број на студенти
- Многу нови „универзитетски“ центри
- Многу нови „професори“ преку ноќ
- Нерационално трошење на пари
- Привидно задоволство на студентите

# 2. Болоњскиот процес и имплементација

## 2.1. Болоњска Декларација

Благодарение на извонредните достигнувања во последните неколку години, европските процеси на интеграција станаа сè поконкретна и релевантна стварност за заедницата и нејзините граѓани. Очекуваното натамошно проширување преку продлабочување на односите со останатите европски земји, ја дава и шири димензијата на таа стварност. Во меѓувреме, сведоци сме на порастот на свеста во голем дел во политичката и академската заедница и јавното мислење за потребите за воспоставување уште поцелосна и посеопфатна Европа, а посебно за потребата од јакнење на нејзините интелектуални, културни, социјални, научни и технолошки димензии и повикување на нив.

Европската наука сега е широко прифатена како назаменлив фактор на општествениот и човековиот раст и неопходна компонента за консолидација и збогатување на европското граѓанско право - способно на граѓаните да им ја обезбеди неопходната надлежост за соочување со предизвиците на новиот милениум, преку свеста за заеднички вредности и припаѓање кон ист општествен и културен простор. Врвна важност на образованието и образовната содржина за развој и јакнење на стабилни, мирни и демократски општества доживеа општа потврда, особено ако се земе предвид ситуацијата во југоисточна Европа.

Сорбонската декларација од 25 мај 1998, заснована на овие разгледувања стави акцент врз централната улога на универзитетите во развој на културните димензии на Европа. Како главен пат во унапредувањето на мобилноста на граѓаните и способноста за вработување и развој на сите континенти воопшто, таа го истакна создавањето на европската зона за високо образование. Потпишувајќи или изразувајќи ја својата начелна согласност, неколку Европски земји го прифатија повикот да се посветат за остварување на целите кои декларацијата што ги истакнаа. Правецот во кој се одвивале неколкуте реформи на системот за високо образование, кои се во меѓувреме преземени во Европа ја покажаа одлучноста на многу млади да дејствуваат во таа насока.

Европските институции за високо образование, од своја страна го прифатиле предизвикот и ја презеле водечката улога во создавањето на Европската зона на високо образование во склад со основните принципи поставени на Бољонската Magna Charta Universitatum во 1998 год. Тоа е од најголема важност со оглед дека независноста и автономноста на универзитетите обезбедува контуинирано прилагодување на високото образование и на истражувачките системи кон променливите потреби, потребите на општеството и усовршувањето на научното знаење. Се тргнало на вистинскиот пат кон важната цел. Според тоа, остварувањето на поголема компатибилност и компаративност на системот за високото образованието, бара континуиран залет за да се исполни во целост. Би требало да го подржиме донесувањето на конкретни мерки кои би довеле до видливи чекори напред. Состанокот од 18 јуни, на кој учествувале водечки стручњаци и научници од сите наши земји, пружи многу корисни сугестии во врска со инвестициите кои би требало да се преземат.

Посебно мора да се посвети внимание на зголемувањето на меѓународната конкуренција на европскиот систем за високо образование. Виталноста и ефикасноста на секоја цивилизација може да се мери преку степенот на привлечност кој нејзината култура го има во однос на другите земји. Ние треба да се погрижиме Европскиот систем за високото образование на светскиот ниво да го стекне оној степен на атрактивност кој би бил еднаков на степенот на атрактивност на нашата извонредна култура и научна традиција.

Потврдувајќи ја нашата поддршка на општите принципите кои ги постави Сорбонската декларација, се обврзуваме на координација на политиките на нашите земји за да во краток рок, во секој случај барем во текот на првата декада на третиот милениум се остварат следниве цели за кои сметаме дека се од примарна важност за воспоставување на европската зона за високото образование и промовирање на Европскиот систем за високото образование ширум светот:

- Да би се унапредила способноста за вработување на европските граѓани и меѓународна конкурентност на европскиот систем за високото образование да се усвои лесно разбирлив и споредлив систем на дипломи наречен - Diploma Supplement;

- Усвојување на систем, базично заснован на два главни круга на образование: студентско и дипломско. Пристапувањето кон вториот круг подразбира успешно завршување на студиите од првиот круг, кој минимално трае три години. Титулата до која се стигнува преку првиот круг, исто така, како соодветно ниво на квалификација ќе биде релевантна на европскиот пазар на работна сила. Вториот круг би требало да води кон магистерска или докторска титула, како што е случај во многу европски земји;

- Воспоставувањето на кредитниот систем - како ЕКТС системот - како соодветени средства за унапредување најширока можна мобилност на студентите. Кредитите, исто така можат да се применуваат и во контекстот на ниското образование, вклучувајќи го и доживотното учење, под услов да биде признато од страна на универзитетите.

Унапредување на мобилноста преминувајќи ги препреките за ефективна примена на слободно кредитирање со посебно внимание на:

- Пристап кон можностите за студирање, обука и слични служби за студентите;
- За наставници, научни соработници и административни особи, признавање и валоризација на периодот на итражување, предавања и обуки остварени во европски контекст без нанесување штета на нивните статутарни права.

Унапредувањето на европските стандарди во областа на потврдување на квалитетот во целите на развојот на компатабилни критериуми и методологија.

„Унапредување на неопходните европски димензии во областа на високото образование особено со оглед на развојот во согласност со наставниот план, меѓуинституционална соработка, шема на мобилност и интегрирање на програмата за студирање, обука и истражување. Со ова се создава обврска на остварување на зададените цели во рамките на нашите институционални способности и во потполност почитувајќи ги разликите во културата, јазикот, националните образовните системи и автономност на универзитетите, за да би ја консолидирале европската зона на високото образование. Во таа смисла ќе се занимаваме со начините за воспоставување на соработка на меѓународно ниво, вклучувајќи ги и оние европски невладини организации од делокругот на високото образование. Исто така, очекуваме универзитетите благовремено и брзо да реагират и да

дадат свој активен придонес за успех на нашите настојувања. Уверени дека воспоставувањето на европската зона на високото образование бара константна поддршка, надзор и прилагодување кон потребите кои постојано се развиваат, се договоривме повторно да се состанеме за две години за да би го процениле постигнатиот напредок и новите чекори кои ќе треба да бидат преземени.“ [6]

## 2.2. Поим за Болоњски процес

Болоњската декларација [7] е документ кој го изработила конференцијата на ректори на земјите на Европската заедница и Здружението на универзитети во Европа (CRE). Овој документ опфаќа коментар во врска со значењето и важноста на Болоњската декларација, како и информација во продолжување на тековниот процес и самиот текст на Декларацијата.

Болоњската декларација ги обрвзува 29 земји на заедничка структура на системот на високо образование и таа претставува клучен документ кој означува пресвртница во развојот на високото образование. Секоја од земјите се потпишала дека ќе изврши реформи во високото образование со цел хармонизација на високото образование на европско ниво, но со постојаната автономија и различност на секоја од земјите.

Целта на потпишување на овој документ е:

- Создавање на заеднички простор за високо образование, како би се зголемила можноста за вработување и мобилност на граѓаните. Исто така и за зголемување на меѓународна конкурентност на високото образование во Европа.
- Следна цел е воспостуваување на заеднички европски простори и системот на бодување кој е компатибилен со ЕКТС, кој покрива и учење во текот на целиот живот.

---

6) Заедничко соопштение на европските министри за образование на состанокот во Болоња 19.07.1999

7) Исто

- Воведување на додипломски (прв степен или циклус) и постдипломски студии (студии од втор степен или циклус), со тоа првиот циклус трае најмалку три години во хармонија со пазарот на трудот.
- Европска димензија во осигурување на квалитетот.
- Елиминација на препреките за слободна мобилност на студентите и наствниците.
- Промовирање на мобилноста и превладување на препреките за ефикасно користење на движењето, со посебно внимание на студентите и наставната личност.
- За таа цел мора да следи соработка помеѓу владите на европските земји, заедно со европските невладини оргазнизации, кои имаат надлежност во областа на високото образование. Затоа универзитетот треба да придонесе за успех на овој зафат.

Болоњскиот процес е име за европските реформи во високото образование. Основна цел на Болоњската декларација е воспоставување на европски простори во високото образование. Болоњскиот процес е национален, меѓународен, односно со европски карактер. На национално ниво, процесот го поминуваат министерствата задолжени за високото образование, а со нив и универзитетите, факултетите, професорите и студентите. Главни насоки на Болоњскиот процес се поставуваат на меѓународно ниво, со консензус со министрите, претставници на институцијата на високото образование, представникот на студенти, Европа и Европската комисија.

### 2.3. Заедничката декларација на европските министри за образование свикана во Болоња

Европските министри за образование на 19 јуни 1999 година во Болоња, потпишале документ кој бил наречен Болоњска декларација. Благодарение на извондредните достигнувања, неколку години порано, европскиот процес постана сè поконкретен и релативна сварност за Европската унија и нејзините граѓани. Сведоци сме на сè повеќе свесност во големите делувања на политичарите на академскиот свет, и во јавното мислење, во потребата за воспоставување на комплетна и далекусежна Европа,

посебно со надградба и зајакнување на неговата интелектуална, културна, социјална и научно техничка димензија.

Европа е способна на своите граѓани да им ги пружи неопходните надлежности, така што би се соочиле со предизвиците на новиот милениум, заедно со свеста за заеднички вредности и припаѓање на заедничкиот друштвен и културен простор.

Важноста на образованието и соработката во образованието, зајакнувањето на стабилноста, на демократската државата тоа постанува најзначаен фактор, посебно во време на транзиција на нашите простори, па и во цела југоисточна Европа.

Болоњската декларација претходи на Сорбонската декларација од 25 мај 1998 година, која е означена со овие размислувања. Ја нагласила клучната улога на универзитетот во развојот на европската културна димензија. Го нагласила стварањето на европските подрачја на високото образование, како клучен начин на промовирање на мобилноста на граѓаните и можноста за вработување и целокупниот развој на континентот. Министрите задолжени за високото образование од Франција, Италија, Велика Британија и Германија ја потпишале Сорбонската декларација со вклопување на структурата на европскиот високообразовен систем на универзитетот Соробна во Париз. Таа е фокусирана на постигнување на мобилност кај студентите и професорите, што значи дека студентите треба да поминат најмалку еден семестар надвор од својата држава.

Неколку европски земји го прифатиле повикот за определувања за да се постигнат целите поставени во Декларацијата, било со нивното потпишување или било со изразување на својата согласност. Правецот во кој тргнале некои од реформите на високото образование покренати во меѓувреме во Европа, ја покажува определеноста на многу влади за преземање на акција.

Европските институции за високо образование, од своја страна, го прифатиле предизвикот и презеле главна улога во создавањето на европски подрачја на високото образование, како и идните основни начела на знаењата изразени во Болоњската Магна Карта на Универзитетот во 1988 година.[8)]

---

8) Magna Carta Universitatum од Болоња ја потпишале Австрија, Белгија, Бугарија, Република Чешка, Данска, Естонија, Финска, Франција, Германија, Грција, Унгарија, Исланд, Ирска, Италија, Латвија, Луксембург, Холандија, Малта, Норвешка, Полска, Португалија, Романија, Република Словачка, Словенија, Шпанија, Шведска, Швајцарија, Велика Британија, Хрватска, Кипар и Турција.

Европските институции за високо образование, од своја страна, го прифатиле предизвикот и презеле главна улога во создавањето на европски подрачја на високото образование, како и идните основни начела на знаењата изразени во Болоњската Магна Карта  на Универзитетот во 1988 година. Ова е доста од големо значење, земајќи ги предвид независноста на универзитетот и автономијата, за осигурување дека високото образование и системот на истражување постојано ќе се прилагодуваат на променливите проблеми, барање од друштвата и напредок во научното спознавање. Трендот е поставен во права, Усвојување на системот ЕКТС ( Европски систем на трансфер на кредити ) како средство кое одговара за промовирање на широко распространетата мобилност на студентите. Бодовите можат да се добијат и во контекстот на вториот степен на образование, учење до крајот на животот, под услов да се признаат заинтересираните универзитети кои примаат студенти.

## 2.4. Болоњска магна карта

Првите почетоци на реформите на високото образование, започнале во Болоња во собата на Европската ректорска конференција, во септември 1998 година, по повод објавување на најстариот универзитет во Европа, четири години пред укинување на границите на земјите во европската заедница, со желба за остварување далекусежни соработки помеѓу сите европски држави и со верба дека луѓето и државите треба што повеќе, од било кога, да постанат свесна улога во промените и интернационалните друштва.

### 2.4.1. Преамбула

Во преамбулата на Болоњската Магна Карта е нагласено дека иднината на човештвото бледнее. Голема улога зазмеаат културниот, научниот и техничкиот развој, односно за да се изгради тој развој, потребно ни е доста големо делување во културата, знаењата и истражувањата.

Нагласено е дека задачата на универзитетот е да шири знаења помеѓу младата генерација, а тоа подразбира дека тие во денешниов свет мора да им служат на друштвата како целина, за да културната, социјалната и економската иднина, посебно бара значајни вложувања во трајното образование.

Универзитетите на идните генерации мораат да им пружат такво образование и оспособување, кои ќе ги научи, и тоа не само нив туку и останатите околку нив, за постигнување свечена хармонија на нивното природно окружување и самиот живот. Ректорите, потписници на Магната Карта, ги повикале сите држави да ги прифати основните принципи на кои мора перманентно да ги почитуваат функциите на сите универзитети.

### 2.4.2 Основни принципи

Како прв принцип, на кој мора да се засноваат функциите на универзитетот, нагласено е дека универзитетот е самостојна институција, која се наоѓа на центарот на општеството и е организирана на различни начини, поради географските обележја и историското наследство. Универзитетот произведува, истражува, проценува и ја пренесува културата од колена на колено, преку научноистражувачката работа и наставниот процес. Како би се задволиле потребите на светот околу себе, неговата научноистражувачка работа и наставната работа мора да виде морално и интелектуално независна од сите политички влијанија и економска моќ.

Вториот принцип е поврзан со наставниот процес и научноистражувачката работа на универзитетот, кои мора да бидат неразделни, доколку сакаме наставата да не заостане за потребите, за кои постојано се менува, благодарение на општеството и напредокот на научните истражувања.

Основниот принцип на универзитетскиот живот е слободата во научно-истражувачката работа. Отфрлајќи ја нетолерантноста и секогаш отвореност за дијалог, универзитетот е идеално место за судир со професорите кои се способни да го пренесат своето знаење. Професорот со своите иновации и научно-истражувачката работа треба да го развие универзитетот, а студентот треба да го збогати својот ум со тие знаења.

Универзитетот е комесар на европските хуманистички традиции. Неговата постојана цел е да постигне универзално знаење, така што би ја исполнил својата функција. Тој треба да ги надмине географските и политичките граници и да ја потврди потребата да различните култури вршат влијание едни на други.

### 2.4.3. Средства

Постигнување на основните цели на реализација, на горе наведените принципи се должи на адекватните средства кои одговараат на моменталните услови.

Со цел зачувување на слободата во научно-истражувачката работа и наставниот процес, сите членови на универзитетската заедница мора да се осигурани со адекватни инструменти за реализација на таа слобода.

Вработувањето на професорите и регулирањето на нивниот статус мора да се одвива по принциот да научно-истражувачката работа е неодделива од наставниот процес.

Секој универзитет мора, секако имајќи ги предвид посебните околности, да осигура зачувување на слободата на нивните студенти и нивно делување под услови во кои можат да стигнат до културата и образованието, што всушност е и нивна цел.

Универзитетите, особено во Европа, сметаат дека меѓусебната размена на информации и документации, и честите заеднички проекти за унапредување на образованието, е од суштинско значење за постојан напредок во стекнување на знаења. Според тоа, како и во првата година од нивната историја, тие постигнуваат мобилност на професорите и студентите, и понатаму сметаат дека се генерална политика на еквавилентниот статус, знаења, испити (без предрасуди на национални дипломи) и доделување на стипендија, се од суштинско значење за исполнување на нивните мисли во условите кои денес преовладуваат.[9)]

После потпишувањето на Болоњската декларација во 1999 година, министрите на земјите потписници на оваа декларација, се договориле дека повторно ќе се сретнат во 2001 година во Прага, со цел проценка на постигнатиот напредок и договор за нови мерки кои ќе бидат потреби за превземање. Се сретнале на 19 мај 2001 година во Прага и поста-

9) Magna Carta ја потпишале ректорите на европските универзитети на 18-ти Септември 1988 г.

виле приоритети за идната работа. Само неполни два месеци пред средбата во Прага, точно на 29 и 30 март 2001 година, преку 300 високообразовни европски институции се собрале во Саламанки. Целта на тој состанок бил припрема за состанокот на министрите на високото образование во Прага. Во Саламанки се усогласени следниве принципи, цели и приоритети:

- Создавање на иднина
- Автономија и одговорност
- Образованието како јавна одговорност
- Високото образование засновано на научно истражување
- Организациона разновидност
- Квалитет
- Релевантност
- Мобилност
- Компатибилни квалификации
- Атрактивност

Во Прашкиот документ, министрите на 33 земји пописници:

- Ја потврдиле својата поврзаност со Болоњската декларација
- Изразиле благодарност за активното учество на Европските универзитетски асоцијациии и Асоцијацијата на студентската унија во Европа
- Констатирале дека помошта од Европската комисија била конструктивна
- Ги постигнале целите поставени во Болоњската декларација
- Нагласиле дека цел живот поминат во учење, ги вклучува студентите и ја унапредува привлечноста и конкурентноста на европско подрачје на високото образование на другите делови на светот, важни за европското семејство на високото образование.

Во Прага, министрите најголемо внимание посветиле на прашањето за напредување на работата на осигрување на квалитетот. Ја подржале идејата дека високото образование треба да се смета за јавно добро и дека студентите се потполни членови на високо образовната заедница. Исто така се согласиле дека високото образование се дели

на два степени, и тоа додипломски и постдипломски студии, а системот ЕКТС или некој кој е компатибилен на него, овозможува поголема мобилност на студентите и наставниците. Ја истакнале неопходната тесна соработка и меѓусебната доверба во националниот систем на осигурување на квалитетот и нивното прифаќање. Учење во текот на целиот живот е неопходно за да може да се соочиме со предизвиканата конкуренција и употребата на сè понапредната технологија. Министрите ја поздравија одлуката дека Болоњскиот процес вклучува нови нови земји членки и ја прифатиле пријавата на Хрватска, Босна и Турција.

## 2.5. Копенхашка декларација

Пред одржување на состанокот во Берлин во 2003 година, потпишана е декларација на европските министри за стручно образување и усовршување на Европската Комисија, на состанокот во Копенхаген на 29 и 30 ноември 2002 година и таа е позната како Копенхашка декларација. Советот за образование, за младина и за култура на 12 ноември 2002 ја состави резолуцијата за промоција на европска соработка за стручно образување и усовршување. Неа на состанокот на министри во Копенхаген на 29 и 30 ноември 2002 година ја одобрија министрите задолжени за стручно образување на државите членки на ЕУ, на државите кандидати за членство во ЕУ, самата комисија и европските социјални партнери, како и стратегија за подобрување на резултатот, квалитетот и привлечноста на стручното образување и усовршување. (Копенхашка декларација).

Во заедничкиот прелазен извештај на Советот и Комисијата за образование и усовршување во 2001 година за периодот до пролетта 2004 година, Европскиот совет во кртатки црти ги изложува прите конкретни резултати од Копенхашкиот процес и ја истакнува неговата улога во подобрување на реформите, поддржувајќи го учењето во текот на целиот живот и развивајќи заемна доверба помеѓу клучните субјекти и помеѓу државата. Прелазниот извештај повикува на што поитно создавање на заеднички упаства и принципи, како и нивна примена на национално ниво, земајќи ја предвид моменталната состојба во државите и почитувајќи ги нивните овластувања.

Кога се работи за улогата на образованието и усовршувањето во формирањето на идното европско општество, незаменлива и главна улога во развојот на тие дисциплини,

со тоа и креирање на такво општество, со години има соработката на европско ниво. Проширувањето на Европската Униија со себе носи нова димензија и предизвици, можности но и барања на полето на образованието и усовршувањето. Важна е потребата од придружните земји членки да се интегрираат и од самиот почеток да постигнат партнерски однос во развојот на иницијативата во образованието и усовршувањето на европско ниво. Болоњската декларација од јуни 1999 година, го означи воведувањето на нови и подобрени европски соработки на ова подрачје. Лисабонскиот Европски Совет во март 2000 година ја препозна значајната улога на образованието, како интегративна точка на економските и општествените политики, како и средствата за јакнење на европските натпреварувачки сили во целиот свет, како и гаранција за обезбедување на кохезија на нашите поединечни општества и целосен развој на нашите граѓани. Европскиот совет си псотави стратешка цел за Европската Унија – да постане најдинамична светска економија што се темели на знаење. Главната цел на ваквата стратегија е да се развие високо квалитетно стручно образование и усовршување, првенствено во смисла на промовирање на општата вклученост во општествените насоки, кохезии, мобилност на работната сила, вработување и натпревари.

Европскиот совет во Барселона во март 2001 година, ја одобри програмата за работа на следењето на целите на извештајот, со кој се бара до 2001 година европското образование и усовршување да постане препорака за светскиот квалитет. Понатаму, се повикува на понатамошна акција за воведување на инструменти со кои ќе се овозможи транспарентоност на дипломите и квалификациите, вклучувајќи промовирање на акции слични на Болоњскиот процес, но и прилагодување од областите на стручно образование и усовршување.

Советот на Европската Унија на 12 ноември усвои резолуција за зајакнување на соработката во стручното образование и усовршување. Оваа резолуција ги повикува државите членки и комисијата во рамките на своите одговорности за вклучување на земјите кандидати и државите од EFTA/EEA, како и социјалните партнери, на промовирање за зголемување на соработката и стручното образување и усовршување.

### 2.5.1. Европска димензија

Јакнењето на европската димензија во стручното образување и усовршување со цел да се подобри соработката, партнерството и другите транзициони иницијативи, со цел во меѓународниот контекст на европското образование да се даде конкретна препорака за ученикот.

### 2.5.2. Транспарентност, инфромации и управување

Тоа значи зголемување на транспарентноста при стручното образување и усовршување преку примена на рационализација на средствата и мрежата на интеграција на постоечките инструменти, како што се европски CV, сертификати и подоатоци на дипломата, заеднички европски стандардизирани референци за јазик и EUROPASS во една рамка.

Јакнење на политиката, системот и праксата кои помагаaат во информирањето, управувањето и советувањто на државите членки, на сите нивоа на образование, усовршување и вработување. Со цел да се овозможи професионална и географска мобилност на граѓаните на Европа, посебно се третираат прашањата за пристап кон учењето, личното образување и усовршување, како и преносот и признавањето на компетенциите и квалификациите.

### 2.5.3. Признавање на компетенциите и квалфикациите

Истражувањето како транспарентност, споредба, пренесување и признавање на компетенциите и квалификациите, помеѓу различни држави на различно ниво, може да биде унапредено со развивање на референтни нивоа, утврдување на заеднички пристап за сертификати и заеднички мерки, како на пример системот за кредитниот трансфер за стручно образување и усовршување и сл.

Јакнење на подршката за развој на компентецијата и квалификацијата на секторско ниво, преку цврста соработка и координација која посебно ги вклучува социјалните партнери. Неколку иницијативи за заедничка, билатерална и мултилатерална соработка го илустрира овој пристап, паралелно со веќе постоечките иницијативи во различни сектори, сè со цел за заемно признавање на квалификациите.

Утврдувањето на сет на заеднички принципи кои се однесуваат на вреднување на неформалното и формалното учење со цел постигнување на зголемена компатибилност помеѓу пристапите во различни држави и на различни нивоа.

### 2.5.4. Обезбедување на квалитет

Промовирање на соработката со цел да се обезбеди квалитет со посебен осврт на размена на модели и методи, како и заеднички критериуми и принципи на квалитет во стручното образување и усовршување.

Следните принципи ќе бидат основа за подобрување на соработката во стручното образување и усовршување:

- Соработката би требало да се заснова на цел кој европскиот совет го постави до 2010 година, и кој е во согласност со деталната програма за работа и за пратење на извештаите. На тој начи се осигурува кохерентност на целите утврдени од страна на Советот на Европската Унија,
- Мерењата би требало да бидат доброволни и преку воспоставена соработка да се унапредуваат,
- Иницијативите мора да бидат насочени кон потрбите на граѓаните и на организациите корисници,
- Соработката треба да ги вклучува сите држави членки, комисии, земји кандидати, EFTA-EEA државите и социјалните партнери.

Следењето на оваа декларација треба да се изведе на следниот начин:

1. Имплементација на поширока соработка во стручното образување и усовршување ќе биде постепена и ќе претставува дел од целите на известување. Комисијата ќе го претстави овој интегриран пристап во својот извештај во советот на Европската Унија, во рамките на одреден распоред, за работа и целите на извештајот. Планот е во потполност да се интегрира работата за зајакнување на соработката во стручното образување и усовршување и спроводување на целите на извештајот.
2. Постоечката работна група на комисијата, на која ќе  биде даден сличен статус како и на работните групи за спроведување на целите на извештајот, и ќе ги

вклучува државите членки, EFTA-EEA државите, земјите кандидати и европските социјални партнери. Како таква, ќе продолжи да работи со цел да се обезбедат успешни имплементации, координации, јакнење на соработката во стручното образување и усовршување.

3. Во рамките на овој проект почетниот фокус помеѓу сегашниот период и 2004 г., ќе биде усмерен на конкретни подрачја каде што работата веќе е во прогрес, како на пример развивање на едноставен транспарентен оквир, кредитен трансфер во стручното образување и усовршување и развивање на квалитетни алкатки. Другите подрачја, кои веднаш ќе бидат вклучени како интегрален дел во спроведувањето на извештајот, организирани во осум работни групи и една индикаторска група, ќе бидат доживотно усмерувани, неформалното учење и усовршувањето на наставникот и тренерот во стручното образување и усовршување. Комисијата во својот извештај ќе го прати развојот на работите кои се спомнати во параграф 1.

Министрите, одговорни за стручното образување и усовршување, и европската комисија ја потврдија неопходноста од остварување на целите и приоритетите поставени во оваа декларација, како и неопходноста од учество во јакнењето на соработката на полето на стручното образување и усовршување, притоа вклучувајќи ги и социјалните партнери.[10)]

## 2.6. Берлинска конференција

Во Берлин 2003 година, се состанаа делегациите на државите потписнички на Болоњската декларација, претставниците на студентите, претставниците на Европската комисија и собранието на Европа, како и претставниците на меѓународни организации, додека претставниците на Мексико и Бразил имаа статус на посматрачи.

Во Берлин беа одредени приоритетите и новите цели за следната година во поглед на реализација на европското високоучилишно образование. Министрите ги зедоа предвид заклучоците од Советот на Европа во Лисабон (2000) и Барселона (2002).

---

10) Декларација на европските министри за стручно образование и усовршување и Европската комисија, потпишана на состанокот во Копенхаген на 29-30 Ноември 2002 г.

Цел беше Европа да се направи најконкурентна и најдинамична економија во светот, втемелена на знаење, способна за одржлив економски раст со повеќе и подобри работни места и со поголема општствена кохезија. Исто така се постигна согласност дека треба да се вложи повеќе напор за да се осигура потесна соработка помеѓу системите на високото образование и научно-истражувачката работа во нивните држави. Беа нагласени потребите да се изработи заеднички критериум за осигурување на квалитет. Во согласност со принципот на институцианална автономија, примарна одговорност за осигурување на квалитетот во високоучилишното образование е на секоја институција посебно и тоа дава основа за одговорност на академскиот систем во рамките на квалитетот на секоја држава. Се согласија дека до 2005 година, државниот систем на осигурување на квалитетот треба да опфати:

- дефиниција за одговорност на вклучените тела и институции,
- евалуација на програмите или институциите, вклучувајќи ја интерната и екстерната контрола, со учество на студентите и објавување на резултатите,
- систем на акредитација и сертификација,
- меѓународно учество, соработка и создавање на мрежа.
  Во Берлин беа прифатени барањата за членство на Албанија, Андора, Босна и Херцеговина, Светата столица, Русија, Србија, Македонија и на тој начин се прошири бројот на членки потписнички на Болонската декларација. Потшишувањето на членство во Болоњската декларација подразбира промена и реформа на образованието во сите земји потписнички. Договорено е следната конференција да се одржи во Берген, Норвешка во мај 2005 година.[11)]

## 2.7. Соопштение од Мастрихт

На ден 14.12.2004 година, во Мастрихт, министрите задолжени за стручното образование и усовршување од 32 европски држави, европските социјални партнери и

11) Конференција на делегациите на земјите од Болоњската декларација одржана на 18-19 Септември 2003 г.

Европската комисија се договорија да ја зголемат соработката со цел:

- да ги модернизираат своите системи за стручното образование и усовршување, како би можела Европа да стане подрачје со најконкурентно стопанство, и
- на сите Европјани, без разлика дали се млади луѓе, постари работници, незапослени или сиромашни, да им овозможат квалификации, знаење и способности што се потребни за да се интегрираат во општеството што се заснова на знаење, и што допринесува за отварање на подобри работни места.

## 2.8. Бергенски состанок на министрите

Министрите, одговорни за високото образование во земјите учеснички во Болоњскиот процес се состанаа во Берген во 2005 година, поради едноровчна ревизија, како и поради дефинирање на целите и приоритетите до 2010 година. Како нови членки учеснички во Болонскиот процес се примени Ерменија, Азербејџан, Грузија, Молдавија и Украина. На оваа конференција е нагласено дека институциите на високото образование, студентите и наставничкиот кадар имаат централна улога како партнери во Болоњскиот процес. Заклучено е дека постои широко спроведен двостепен цикличен систем, со кои се опфатени половина од запишаните студенти во поголемиот дел од државите. Скоро сите земји имаат направено одредби за систем на осигурување на квалитет, постигнати на Берлинскиот конгрес со висок степен на соработка. Заклучено е дека треба уште да се работи за вклучување на студенти на меѓународно ниво. До одржувањето на конференцијата во Берген, 36 од 45 држави ја ратификуваа Лисабонската конвенција за признавање на квалификациите на високоучилишното образование во Европскиот регион.

Европското подрачје на високото образование мора да биде отворено и атрактивно за сите останати подрачја на светот. Во меѓународната академска соработка мора да доминираат академските вредности. Европското подрачје на високото образование треба да се гледа како партнер на системите на високото образование во другите региони на светот, стимулирајќи ја размената на студенти и наставници преку соработка на институциите од високото образование.

Во Берген во 2005 година е формирана група за следење на напредокот на развојот на Болоњскиот процес, и треба да припрема извештај за следната минитерска конференција. Посебно внимание до 2007 година, треба да се обрати на:

- спроведување на стандардите и осигурување на квалитетот,
- спроведување на државните рамки за квалификации,
- креирање на можности за флексибилни методи за учење во високото образование,
- мобилност на наставниот кадар и студентите,
- социјална и економска ситуација на студентите во државите учеснички.

### 2.9. Припрема на високото образование за 2015

Поради тоа што високото образование се наоѓа на раскрсница помеѓу истражување, образование и иновации, како такво претставува клуч на европската конкуретност. Како што се приближуваме кон 2015 година, мораме да се обезбедиме со институции на високо образование кои имаат автономија при изведувањето на реформите. Секој од трите циклуси на образование (додипломски, постдипломски и докторски студии) имаат во функција припрема на студентот за пазарот на работна сила, за понатамошна квалификација и за активно учество во граѓанското општество.
Следната министерска конференција ќе се одржи во Лондон во 2007 год.

## 3. Квалитет и евалуција на процесот

Основната цел на Болоњскиот процес е да ги дефинира и да ги следи стандардите на квалитетот во високото образование.

### 3.1 Стандарди за евалуација

Процесот за осигурување на развој и примена на прифатените стандарди во образованието, кои образовните институции треба да ги направат поквалитетни во поглед на програмите кои ги нудат, што е процес кој стално се обновува, и се нарекува QA.

Првите резултати што се однесуваа на воведувањето на европските стандарди во ситемот на звања презентирани во Амстердам во вид на документ под наслов “Европска димензија за обезбедување на квалитет”.

Во контекст на обезбедувањето на квалитет, акредитацијата и евалуацијата претставуваат инструменти за контрола на стандардот на квалитетот, а ги спроведуваат соодветни агенции во одредени држави.

За разлика од акредитацијата, евалуацијата претставува основна активност со која се обезбедува квалитет на наставниот процес во високото образование. Да се евалуира значи да се проценат наставните и академските студии за даден предмет или програма. Евалуацијата може да се спроведува интерно или екстерно.

Интерната евалуација се состои од собирање на податоци, спроведување на анкета помеѓу студентите и разговор со студентите и наставниците. Интерната евалуација може да служи како припремна фаза за екстерна анализа. Кај интерната евалуација, моменталната состојба се вреднува првенствено во оснос на личните планови, кои институцијата си ги поставила.

Кај екстерната евалуација екипа на ревизори ја обиколува институцијата и врши ревизија на квалитетот на наставата и студирањето. Ревизорите обично се стручњаци, а нивна задача е водење на разговор со студентите и наставниците, и после тоа треба да состават извештај. Честопати екстерната евалуација ја спроведува агенција специјализирана за конкретна област.

### 3.2 Избор за евалуација

Да се евалуираат можат:

- Субјекти на научно-наставниот процес,
- Програми, нивнитот квалитет, цели, континуитет и динамика,
- Институции, начин на раководење, потенцијали, развојни и стратешки програми, организационен менаџмент,
- Акредитација – се евалуираат оние параметри кои не се исполнети, а нивното исполнување е услов за акредитација.

После спроведената анкета со студентите на паневропскиот универзитет или факултет, деловните економии во март и април 2006 година (интерна евалуација) по мислење на студентите како крајни корисници на оваа институција се сметаше за оперативна препорака која институцијата треба внимателно да ја анализира. Прашањето е само дали евалуацискиот извештај треба да биде јавен или не. Ако е јавен може негативно да се одрази врз уписната политика, но може да биде и препорака за квалитет. Во различни држави различно се спроведува транспарентноста на овие извештаи, во некои држави се јавни, а во некои служат за интерна употреба.

## 3.3. Основни параметри за евалуација

Основни параметри за евалуација се уписната политика, број на отпишани студенти, степен на полагање на студентите на испитите, оспособеност на наставниот кадар, број на реализирани меѓународни академски размени, материјални ресурси и финансиски извори на институцијата.

## 3.4. Пример на структура за наставничка евалуација

| Цел-цели на резултатот-дисциплината | Метод на учење | Претпоставки за методите на учење | Методи за проверка на знаењето | Претпоставки за методите за проверка на знаењето |
|---|---|---|---|---|
| Да се напише еден или повеќе основни цели на својата дисциплина | Да се опишат методите на учење и мислењето за нив | Да се специфицираат и да се опишат претпоставките и мислењата за учењето | Да се опишат методите на оценување кои се доказ за стекнатото знаење на студентот | За секој метод да се опишат свои претпоставки |

12)

12) Обезбедување на квалитет на наставно-научниот процес на универзитетот во Сараево, Сараево, Октомври, 2004 г. Анекс VII,стр. 94.

### 3.5. Континуирана евалуација на работата на универзитетскиот наставник и соработник

Успешен универзитетски наставник во својата личност ги обединува следните карактеристики:

- знаење и стручност неопходни за наставна работа,
- припременост за настава, развој и усовршување,
- љубопитност за научно-истражувачка работа
- ангажирање за успешно подигнување на научниот и стручниот подмладок,
- коперативност,
- морални квалитети.

Некои од овие карактеристики во досегашното вреднување на наставникот се вреднувани, но некои и не се како што се моралните квалитети и совесно извршување на наставничките обврски. Секој наставник би требало еднаш годишно да помине низ одреден процес на евалуација во кој се вреднува:

- квалитет на наставната работа,
- квалитет и ниво на педагошката оспособеност на наставникот,
- квалитет и ангажирање на наставникот во подигнување на наставниот кадар,
- квалитет и ниво на кооперативност на наставникот.

После спроведената евалуација на наставникот потребно е да се констатира кој елемент кај наставникот не може да се оцени со задоволувачка оценка и да се даде рок во кој тој мора да го поправи пропустот.

За да се вреднува научната продуктивност на наставникот на универзитетот, потребно е да се земат предвид бројот на објавени научни трудови (книги, колумни, монографии, учебници итн.), како и истражувачки проекти и учества на научни семинари. Сето тоа може да се бодува заедно со бодовите што се добиени од наставничката активност, педагошката обученост, личните квалитети на наставникот и др.

На пример, добар модел за начин на вреднување на научната продуктивност на наставникот предвиден според студијата "Осигурување на квалитет на наставно-научен процес на универзитетот во Сараево" направена во октомври 2004 година:

| Опис на критериумот | | Број на бодови |
|---|---|---|
| 1. Дел индексиран во ЦЦ | Автор<br>Коавтор | 20<br>15 |
| 2. Дел индексиран во другите индекси | Автор<br>Коавтор | 15<br>10 |
| 3. Дел во рецензирано списание | Автор<br>Коавтор | 12<br>8 |
| 4. Дел во зборник | Автор<br>Коавтор | 12<br>8 |
| 5. Научна книга | Автор<br>Коавтор | 25<br>15 |
| 6. Монографија | Автор<br>Коавтор | 20<br>15 |
| 7. Учебник | Автор<br>Коавтор | 20<br>15 |
| 8. Прирачник | Автор<br>Коавтор | 15<br>10 |
| 9. Излагање на меѓународен собир | Автор<br>Коавтор | 8<br>6 |
| 10. Предавач на научен семинар | | 15 |
| 11. Предавач на стручен семинар | | 8 |
| 12. Учество на постдипломски студии:<br>- раководител на постдипломски студии<br>- раководител на колегиуми на постдипломски студии<br>- предавач на постдипломски студии | | <br>30<br>15<br>10 |
| 13. Учество на стручни и научни конференции:<br>- организатор<br>- член на организациски одбор | | <br>25<br>10 |

Посебно значајни вонннаставни активности се неговата грижа за подмладокот, менторската работа со студентите при изработка на трудовите итн. Еве уште еден пример за оценување на “квалитетот на наставно научниот процес на универзитетот во Сараево:

| Опис | Број на бодови |
|---|---|
| 1. Менторство за докторат | 20 |
| 2. Член на комисија за докторат | 8 |
| 3. Менторство за магистерска работа | 15 |
| 4. Член на комисија за магистерска работа | 5 |
| 5. Менторство за диоломска работа | 8 |
| 6. Член на комисија | 3 |

Научната и стручната репутација на наставникот е можно да се мери со помош на признанијата, наградите, дипломите, членството во меѓународни тела, членство во странски академии на науки:

| Опис | Број на бодови |
|---|---|
| 1. Членство во меѓународни научни тела и организации | 10 |
| 2. Членства во домашни научни тела | 5 |
| 3. Членство во редкации на странски списанија | 8 |
| 4. Членство во редакции на домашни списанија | 3 |
| 5. Членство во странски академии на науки | 50 |
| 6. Членство во домашна академија | 25 |
| 7. Признание за патент | 30 |
| 8. Признание за значајно откритие | 25 |
| 9. Плакати, дипломи, сертификати | 20 |

13)

При вреднувањето на наставникот треба да се знае минималниот број на поени кои треба да ги оствари секој наставник како би можел да ги задоволи барањата за квалитет.

13) Обезбедување на квалитет на наставно-научниот процес на универзитетот во Сараево, стр. 20, 21, 22

Интерната евалуација или само евалуација наставникот може да ја спроведе сам, со одговор на следните прашања:

1. Колку групи на студенти сум подучувал во текот на оваа година?
2. Колку студенти биле по групи?
3. Кои биле методите на подучување?
4. Како сум ги организирал подучувањата?
5. Какви се резултатите на студентите на испитите?
6. Дали со својата работа сум ги мотивирал студентите?
7. Дали сум задоволен со работата на студентите?
8. Кои се проблемите на часовите и на испитите?
9. Како да се зголеми знаењето на студентите?
10. Дали постоеа соодветни работни услови?
11. Дали студентите имале соодветни услови за работа?
12. Дали доволно ги користам наставните средства за работа?
13. Колку научни и стручни трудови имам напишано минатата година?
14. Во колку проекти имам учествувано?
15. Дали имам учествувано на конференции, симпозиуми, конгреси?

Прашањето е единствено дали наставникот ќе биде доволно објективен да признае дека и тој има погрешено, затоа што неуспех на студентот е неуспех на наставникот. Сведоци сме на мислење дека наставниците немаат никаква одговорност за слабите резултати на студентот.

### 3.6. Обезбедување на квалитет во високото образование

Обезбедувањето на квалитет е елемент на реформа на високото образование и предуслов за создавање на европски простор во високото образование. При воведување на квалитетот се поставуваат две прашања:

- Што е целта на високото образование за студентот?
- Каква е улогата на високото образование во општеството?

За да ги добиеме одговорите на овие прашања за високото образование, мора да се вклучат преставниците на власта, преставниците на стопанството, целата академска заедница заедно со студентите како рамноправни партнери во управувањето со високото образование. Обезбедувањето на квалитет е процес кој континуирано мора да се обезбедува и доградува, бидејќи високото образование мора да биде динамично и мора да напредува и да се менува како самото друштво. Се наоѓаме на самиот почеток на

воведување на квалитет и секако дека не може одеднаш да се имплементираат сите европски услови и квалитети. Квалитеттен систем може да биде воведен само доколку отворено и транспаретно му се пристапи на целиот процес со цел да се постигнат бараните резултати за обезбедување на квалитет во високото образование.

Значи, дефиницијата за квалитет на образование е континуиран процес што обезбедува исполнување на договорени стандарди.

Осигурување на квалитетот се однесува на средствата или процесите со кои институцијата гарантира дека потребните стандарди и квалитет се одржуваат и унапредуваат. Осигурувањето на квалитетот денес се користи и за надворешно и за внатрешно институционално обезбедување на квалитетот. Надворешното обезбедување се однесува на средствата или процесите со кои управува независна институција или агенција за обезбедување на квалитет, го гарантира стандардот и квалитетот и истиот го одржува и унапредува. Надворешното обезбедување на квалитетот се спроведува периодично во европските држави, најчесто на 3-5 години, на сите нивоа, и најчесто служи како темел за акредитација. Внатрешното обезбедување на квалитет се однесува на квалитет кои самата институција го одржува и унапредува.

Унапредување на квалитетот е процес на позитивна промена во рамките на институцијата со цел да се обезбеди контиуниран прогрес во квалитетот што самата институција го овозможува.

Процесот на надворешна евалуација кој го спроведува тело надвор од институцијата се нарекува проценка на квалитетот. Ревизијата на квалитетот е процес на испитување на процедурата на високообразовната институција, со која таа истата обезбедува квалитет и стандарди, за да се обезбеди нивно остварување и да се провери дали се имплементираат договорените стандарди или зададените цели. Резултатот на ревизијата е акредитација, која што може да се дефинира како признавање на програмата што ги задоволува договорените стандарди.

Институции кои работата на осигурување на квалитетот во светот се :

- **ESIB – The National Unions Of Students** е европска агенција која претставува околу 11 милиони студенти во Европа. Преку 34 држави од Европа се членки ESIB.[14)]
- **EUA – European University Association** е организација што ги собира преставниците на универзитетите и ректорските конференции од цела Европа.[15)]
- **ENQA – European Network for Quality Assurance** е европска мрежа организација за осигурување на квалитетот во Европа.[16)]
- **EURASHE – European Association Of Institutions In Higer Education** е млада организација која ги собира преставниците на институциите на високото образование кои не се универзитети и ги претставува нивните интереси на европско ниво.[17)]
- **E4 – ENQA, EUA, EURASHE, ESIB** на министерската конференција во Берлин добија задача да припремат предлог за заеднички стандарди, процедури и насоки во осигурувањето на квалиететот на евроспко ниво.[18)]
- **UNESCO – United Nations Education, Science and Culture Organisation** е организација во рамките на Обединетите Нации која се бави со образованието.[19)]
- **OECD – Organisation for Economic cooperation and development** е организација што ги собира економски најнапредните држави во светот.[20)]

---

14) www.esib.org.

15) www.eua.be

16) www.enqa.net

17) www.eurashe.be

18) www.ecaconsortium.net

19) www.unesco.org

20) www.oecd.org

Квалитетот во високото образование е повеќедимензионален концепт кои ги опфаќа сите негови функции и активности:

- Подучување и академски програми,
- Вработување на кадарот,
- Студенти,
- Факултети,
- Згради,
- Опрема,
- Академската околина,
- Услуги и
- Заедницата.[21)]

Обезбедувањето на квалитетот би требало да ја преземе формата на внатрешна самоевалуација и надворешна ревизија, што ја спроведува тим на независни експерти.

Високото образование секогаш ќе има важна улога во модерното општество. Потребата за високообразовен кадар ќе се зголемува. Мора да бидеме спремни да ја направиме секоја можна промена во организацијата и методите со цел да се унапреди процесот на учење на студентите за да можеме да се носиме со сè поголемиот број на студенти и како би можеле да им дадеме соодветна поддршка на новите категории на студенти. Квалитетот не бара да ги работиме истите работи на ист начин, како што тоа сме го правеле до сега, туку бара нови начини за остварување на целите кои отсекогаш сме ги имале.

## 3.7. Пристап кон квалитетот и стандардите

Американскиот пристап кон квалитетот во високото образование се разликува од пристапот кон квалитетот во Европа, кое воглавно се базира на законодавството и владината контрола на високото образование. Но, многу европски држави сфатиле дека традиционалната академска контрола и законодавството не се ефикасни при соочување со низа на предизвици со кои се сретнува високото образование, и поради тоа се воведени експлицитни системи за обезбедување на квалитетот. Тенденцијата во Европа е една агенција да ја врши евалуацијата на севкупните активности во високото образование, но постојат и исклучоци во смисла на постоење на различни агенции кои се одговорни за

21) Светска декларација за високо образование на ОН, член 11

различни програми. Тоа значи дека нема потреба од една национална агенција што ќе ја врши евалуацијата на квалитетот во високото образование.

### 3.8. Европски и меѓународни трендови во обезбедувањето на квалитетот

Од основањето на првите високоучилишни институции постоела соработка помеѓу нив. Но, со развојот на технологијата, и поради политички влијанија, се појавила потреба од интернационализација на соработката помеѓу високоучилишните институции. Соработката првенствено се однесувала на решавање на проблемите со меѓусебното признавање на дипломите како и овозможување на мобилност на студентите и на професорите. Но, поради различноста на високообразовните системи, институции и видот на дипломите, како и поради недоволните информации, прашањето на квалитетот на образованието станало прашање кое мотивирало интернационализација на високото образование.

Со Болоњската декларација од 1999 год., министрите за образование на водечките европски држави се согласија да се интензивира меѓународната соработка со создавање на европски простор за високо образование, за да се овозможи мобилност на студентите и професорите, подобра институционална соработка, проодност и флексибилност на студиите, создавање на европски пазар на труд и јакнење на активностите на Европа во однос на другите региони, посебно во однос на САД. Дури во Берлин 2003 година, министрите бараат евалуација на процесот и договараат конкретни минимални стандарди кои државите мора да ги исполнат во деловите за кои одлучиле дека им се приоритет. Едно од приоритетните подрачја, како што е договорено во Берлин, е подрачјето на обезбедувањето на квалитет и договорено е секој национален систем за обезбедување на квалитет, до 2005 год. да вклучи:

1. Дефиниција за одговорноста на телата и институциите кои се вклучени во системот за обезбедување на квалитетот,
2. Евалуација на програмите или институциите, вклучувајќи ја и интерната евалуација, надворешната евалуација, учество на студентите во процесот на осигурување на квалитетот и транспарентност на резултатите од евалуацијата,

3. Систем на акредитација, сертификација или процедура споредлива со акредитацијата,
4. Меѓународна соработка и меѓународно учество во процесот на обезбедување на квалитет.

### 3.9. Цели за усвојување на заеднички, европски стандарди и насоки за обезбедување на квалитет

Цели за усвојување на заедничките европски квалитети и насоки во обезбедување на квалитетот се:

- Да се подобри доследноста во обезбедување на квалитетот ширум европскиот простор на европското образование со примена на договорените стандарди и насоки,
- Институциите за високо образование и агенциите за осигурување на квалитетот ширум Европа ќе можат да ги користат заедничките референтни точки за осигурување на квалитетот,
- Поедноставна идентификација на професионалните и веродостојните агенции,
- Постапките за признавање на дипломите треба да се интензивираат,
- Веродостојноста на работата на агенциите за обезбедување на квалитетот да биде подобрена,
- Размена на искуства помеѓу агенциите и клучните носители (вклучувајќи ги институциите за високо образование, студентите и претставниците на пазарот на трудот) ќе бидат подобрени со помош на европскиот советодавен форум за осигурување на квалитетот во високото образование,
- Треба да порасне меѓусебната доверба помеѓу агенциите и институциите за високо образование,
- Отворање на можности за меѓусебно признавање на агенциите за обезбедување на квалитетот.

Мора да се напомене дека минималните стандарди значат минимум кој секој систем за обезбедување на квалитет мора да го исполни, што значи дека секоја држава има

право да развива свои стандарди повеќе или помалку, но мора да го исполни договореното.

Во многу држави на Европа телата за осигурување на квалитетот и акредитацијата, или не постојат, или сега се формираат, како во Грција, Малта, Босна, Србија, Македонија, Бугарија, Исланд, Словенија и Хрватска.

Во склад со Берлинското соопштение резултатите од процесот на надворешното обезбедување на квалитетот мора да бидат јавни. Ова е на сила во нешто повеќе од половина држави потписнички на Болонската декларација. Во голем број на држави резултатите од надворешното обезбедување на квалитетот не се објавува. Во Германија, Холандија, Швајцарија, Белгија, Чешка, како и во приватниот сектор на многу држави, негативните резултати воглавно не се објавуваат. Попрво ќе одлучат да го повлечат барањето за акредитација, отколку да објават негативни резултати од надворешното обезбедување на квалитетот.

Посебно е прашањето колку се студентите вклучени во телата задолжени за обезбедување на квалитетот. Студентите се наоѓаат во одборот на телото за обезбедување на квалитетот во Норвешка, Шведска, Финска, Естонија, Велика Британија, Германија, Белгија, Австрија, Португалија и Италија.

Надворешниот преглед на програмите или високошколските институции е важен дел од процесот за обезбедување на квалитетот, а обично го спроведува екипа од надворешни оценувачи. Студентите рамноправно учествуваат во тимовите во многу мал број на држави, како што се : Норвешка, Шведска, Финска, Латвија, Холандија, Унгарија, Шкотска и понекогаш Германија. Во другите држави како: Велика Британија (без Шкотска), Данска, Португалија, Италија, Белгија, Естонија, Малта, Србија, Босна и Херцеговина, Швајцарија, студентите не се членови на тимот за евалуација.

На сите нивоа при внатрешниот преглед студентите се прашуваат во Скандинавските држави, Велика Британија, Унгарија, Белгија и Бугарија. Словенскиот закон за високо образование предвидува вклученост на студентите но сè уште нема заживеано во пракса. Во Чешка и Македонија студентите се вклучени само на факултетско ниво. Во Полска, Литванија и Малта, студентите ретко се прашуваат за мислење. Најпроблематични се државите каде што студентите воопште не се прашуваат

како што е во Босна и Херцеговина, Србија, Грција и Романија, каде што студентите спроведуваат свои евалуации, но никогаш не добиваат повратни резултати.

Можеме да заклучиме дека поголемиот дел од земјите потписнички на Болоњската декларација на ја имплементираат правилно вклученоста на студентите во процесот на евалуација. Студентската вклученост се спроведува само во Норвешка, Шведска, Финска и Шкотска.

### 3.10. Вклучување на студентите во обезбедување на квалитетот

Студентите се тие поради кои е создадено високото образование. Студентите најдобро знаат како би требало да изгледа нивното образование, затоа што со тоа се соочуваат секој ден и тоа ги прави нив најдобри стручњаци за оценка на квалитетот на образованието. Но нив во многу држави никаде ги нема.

Како да се вклучат студентите?

Едноставно, студентите можат да направат кратко истражување помеѓу студентите, по можност од различни години и насоки, а резултатите да се презентираат на министерството за образование. Министерството може да реагира или не на тоа истражување, може да се заблагодари на трудот и да каже дека со таа проблематика ќе се позанимава другпат, а може и да ги обвини студентите дека во континуитет не се задоволни.

На овој начин се врши насочување на проблемот со цел да се подобри квалитетот и вклучување на студентите во процесот на евалуација.

На кој начин да се евалуираат студентите?

Потребно е да се спроведе образовна евалуација, која се состои од краток прашалник со кој се бара мислење на студентите за најдобриот професор, предмет, смер итн. Некои од конкретните прашања може да бидат:

- Кои се тројцата најдобри професори во вашата студиска група,
- Трите најинтересни предавања кои сте ги слушнале оваа година,
- Три најпопуларни смерови.

Прашалникот треба анонимно да го пополнат што повеќе студенти од двата пола, на различни години на студии. Треба да се обезбеди кутија во која студентите ќе ги

остават прашалниците, а резултатите би требало да се објават на огласна табла. Иницијаторите на овој прашалник може да ги лоцираат проблемите и да побараат поголемо посветување на внимание кон нив.

Употребата на прашалникот како евалуативно средство е можно во следните ситуации:

- Ако бројот на испитаници е поголем од 20,
- Ако бројот на прашања е голем,
- Ако се сака да се соберат информации за квалитетот на образованието, мотивацијата за избор на насоки на студирање, планови за специјализација, мислење за професорите итн.

Прашањата во прашалникот може да бидат формулирани како:

- Отворени прашања,
- Да/не прашања,
- Прашања со повеќе понудени одговори итн.

За да се сфати сериозно прашалникот мора да се води внимание на квалитетот на прашалникот и на поставените прашања. Исто така важни особини за квалитет се и веродостојност и репрезентативност на прашалникот.

### 3.11. Пример за обезбедување на квалитет на наставниот персонал на универзитетите во Македонија

Според финалната верзија на студијата за обезбедување на квалитет на наставно-научниот процес на Универзитетот во Сараево, посебно поглавје е посветено на обезбедување на квалитет на наставничкиот персонал и евалуација на развојот, усовршувањето и напредувањето на наставничкиот кадар. Наставникот е клучната личност во реализацијата на наставно-научниот процес на универзитетот. Од неговиот квалитет зависи квалитетот на наставата и другите облици на работа со студентите, мотивираноста на студентите како и квалитетот на остварените резултати. Континуираната евалуација на работата на професорот делува превентивно од варирање

или пад на квалитетот. Успешен универзитетски професор во својата личност ги обединува следните карактеристки:

- Знаење и стручност,
- Припременост за педагошка работа, развој и усовршување,
- Љубопитност и ентузијазам за научно-истражувачка работа,
- Ангажман за подигнување на научно-истражувачкиот подмладок,
- Кооперативност,
- Морални квалитети.

Секој наставник би требало еднаш годишно да помине низ процесот на евалуација во која би се ценело:

- Квалитет на наставниот процес, односно позитивните резултати од кои се задоволни студентите,
- Квалитетот и нивото на педагошките и дидактичко-методичките квалитети на професорот за настава,
- Ангажмани во научно-истражувачки проекти,
- Ниво на кооперативност на наставникот.

После секоја годишна евалуација за оние професори кои не постигнале задоволителни резултати, потребно е да се одреди соодветен временски рок да се извршат корекции.

Како се врши евалуација на наставниот труд?

После завршувањето на студиите, студентите пополнуваат прашалник за квалитетот на нивниот наставник. Прашалникот се однесува на:

➢ **Квалитет и стручна компетентност на наставникот**.

Прашања за овој дел можат да бидат:

- Дали професорот комплицираните теми ги предава едноставно?
- Дали наставникот остава впечаток на добро припремен наставник?
- Дали кај наставникот доминираат монолози, односно предавања според принципот на “ex catedra”?
- Дали наставата мотивира?
- Дали наставата е досадна?

- Дали наставата е во склад со програмата?
- Дали наставникот ги маркира важните поими од предавањето?

- **Квалитет за педагошки и дидактичко-методични компетентности на наставникот.**
- **Квалитет на наставникот како личност.**

Прашања за овој дел можат да бидат:

- Дали наставникот е секогаш отворен за комуникација со студентите?
- Дали е наставникот објективен како испитувач?
- Дали наставникот е кооперативен?
- Дали наставникот допринесува за позитивна клима во групата?
- Дали наставникот го злоупотребува својот авторитет?

### 3.12. Акредитација

Исто како и евалуацијата, и акредитацијата има за цел контрола и обезбедување на квалитетот при воведување на нови програми, но и за редовно спроведување на контрола на квалитетот на постоечките институции и нивните програми. Акредитацијата се спроведува откако со ревизија ќе се утврди дека се задоволени минимални стандарди. Акредитацијата е временски ограничена, но во исто време таа се врши и редовно.

Кое е значењето на акредитацијата за институциите и за самите студенти нема потреба да се говори. Акредитираната институција е поатрактивна не само за домашните туку и за странските студенти, поефикасна е во поглед на бирократијата и финансиското работење, а има и подобра меѓународна позиција.

Самиот збор акредитација е збор кој често се спомнува, а се дефинира на многу начини. Се дефинира како формална, официјално објавена листа во врска со квалитетот на некоја институција или некој програм, кој е заснован на одредени стандарди. Се дефинира и како процес на екстерно испитување на квалитетот кој се користи во високото образование за оценка на универзитетот и програмата за високо образование, со цел да се осигура подобрување на квалитетот. Акредитацијата е примарно резултат на евалуацијата.

Нејзини општи карактеристики се:

- Обезбедување на доказ дека одреден стандард е исполнет, кој може да биде минимален или одличен,
- Она го вклучува **benchmarking** оценувањето, што претставува референтна точка или критериуим со кој нешто се мери, а се базира на добра пракса на други организации,
- Оценките кои се донесуваат се засноваат исклучиво на критериумите за квалитет, и никогаш на политички квалитет и го содржат одговорот да или не.

Евалуацијата е општ термин со кој се опишува процес кој води до донесување на оценка и давање на препорака за квалитетот на целината.

Лиценцирање е доделување на дозвола за работа на нова институција за високо образование или за нова програма. Терминот евалуација е синоним за терминот оценување, мерење и проверка на квалитетот. Обезбедувањето на квалитетот е термин што ги опфаќа сите процеси, политики и активности со помош на кои се одржува и се развива квалитет во високото образование.

Во септември 2004 година, комисијата за акредитација на високото образование на Србија издаде "Упатство за евалуација и акредитација во високото образование". Во склоп на тие упатства Комисијата разработи упатства за самоевалуација на универзитетите и факултетите, за евалуација и акредитација на студиските програми, за научната и педагошката работа, критериумите за избор и унапредување на наставниците и соработниците, како и за евалуација и акредитација на ненаставниот персонал во високообразовните институции. Во октомври истата година, комисијата при Универзитетот во Сараево исто така направи работен материјал за обезбедување на кавлитетот на наставно-научниот процес на Универзитетот во Сараево.

Евалуација на наставата претставува системски облик на комуникација помеѓу студентите, наставникот и ненаставниот персонал, со цел да се подобри самата настава. Таа се состои од наставничка евалуација, која ја спроведува наставничкиот персонал и од студенската евалуација, која заеднички ја спроведуваат наставниците и студентите. На тој начин, наставата се разгледува од два различни аспекта односно студентски и наставнички поглед на наставата.

За да се спроведе евалуација и акредитација мора да постои план за евалуација и акредитација, кој мора да ги содржи следниве основни елементи:

- Цели на евалуацијата – акредитацијата.
- Предмет на евалуацијата - акредитацијата.
- Кој ја спроведува евалуацијата – акредитацијата?
- За кого се извршува евалуацијата?
- Кога ќе биде таа извршена?
- На кој начин ќе биде реализирана евалуацијата – акредитацијата?
- Референтните рамки.
- Како ќе се толкуваат резултатите од евалуацијата – акредитацијата?
- Какви мерки ќе се превземат после евалуацијата – акредитрацијата?

Во Р. Србија е изработен правилник за нормативите и стандардите за оснување и извршување на дејности на институциите од високо образование. Што се однесува на основањето, условите се утврдени со законот за универзитети, но што се однесува на останатите услови, тие се предвидени со правилник.

Нормативи за простор и опрема на институцијата за високо образование:

- Објекти со најмалку 5м$^2$ бруто простор по студент, односно 3м$^2$ за изведување на настава по студент во една смена,
- Амфитеатар, односно повеќе амфитеатри кои вкупно можат да примат ¼ од вкупниот број на запишани студенти во една смена за одржување на наставата,
- Училници со вкупен број на седишта кои се еднакви на најмалку ½ од вкупниот број на студентите во една смена,
- Најмалку една компјутерска училница со капацитет од 20 места со поврзаност на интернет,
- Лабаратории за изведување на практична настава со капацитет од најмалку 10% од вкупниот број на запишани студенти,
- Библиотека и читална,

Нормативи за потребен број на наставници:

- Институцијата од високото образование во рок од најмногу пет години од основањето, да обезбеди најмалку половина од потребниот број на наставници да бидат во редовен работен однос,

Нормативи за големина на групата за предавање (член 9. Од правилникот):

- 5 студенти на факултетите за уметност за стручно уметнички наставни предмети, каде се одвива индивидуалната настава,
- 10 студенти на факултетите за уметност за стручно уметнички наставни предмети, каде што не се одвива индивидуална настава,
- 20 студенти на факултетите за физичко образование и спорт (за стручните предмети) и на архитектура (за стручно – уметничките предмети),
- 100 студенти за медицински и биолошко-технички науки,
- 100 студенти ан природно-математичките и техничките факултети,
- 200 студенти на општествените науки.

Што се однесува до ненаставниот персонал, истиот правилник (член 10) ги регулира следните позиции:

- Едно работно место библиотекар со висока стручна подготовка,
- Едно работно место – книжар, ако има читална и со фонд од 5000 книги ако бројот на студенти е од 501 до 1000, за 1001 до 2000 студенти двајца книжари, а за преку 2000 студенти тројца книжари,
- Најмалку еден извршител со висока школска подготовка за информациски систем,
- Најмалку еден извршител со висока школска подготовка за координатор на системот за обезбедување на квалитет,
- Организирана студентска служба, прилагодена на бројот на студентите.[22)]

22) Закон за високото образование на Р.М.службен Весник,35/2008,чл.68-72

# 4. ЕКТС ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Европски Кредит Трансфер систем (ЕКТС), се базира на принципот според кој 60 кредити ја означуваат ангажираноста (Workload) на редовниот студент во една академска година. Ангажираност на еден редовен студент во студиските програми во Европа во повеќето случаи е еднаква на 1500-1800 часови во една академска година и тогаш еден кредит означува 25 до 30 работни часа на студентите.

Кредитите во ЕКТС единствено можат да се добијат по успешно комплетирање на потребната работа и задачи, како и соодветно оценување на постигнатите образовни цели. Образовните цели се збир на компентенции кои покажуваат што студентот треба да знае, разбере или да биде во можност да направи по комплетирање на процесот на учење. Студентската ангажираност во ЕКТС се состои од времето потребно за комплетирање на сите планирани образовни активности, како што се:

- присуство на предавања и вежби
- семинари
- независно и самостојно учење
- спремање на домашни работи
- есеји
- семестрални трудови
- испити и слично

Кредитите се доделуваат на сите образовни компоненти на студиската програма (модули, курсеви, практична работа, работа на дисертација) и го рефлектираат квантитетот на работата која секоја компонента бара за да се постигнат нивните специфични или образовни цели во однос на целосниот квантитет на работа потребна за успешно завршување на целата студиска година.

Студентот во текот на следењето на предметот може да освои вкупно 100 поени. Бројот на освоени поени ја определува конечната оценка. Попрегледно ова може да се претстави на следниот начин:

Од 51- 60 поени = 6

Од 61- 70 поени = 7

Од 71- 80 поени = 8

Од 81- 90 поени = 9

Од 91- 100 поени = 10 или

- Редовна посетеност = 0 - 20 поени,
- Колуквиуми = 0 - 60 поени и
- Други активности = 0 - 20 поени

## 4.1. Како се развиваше ЕКТС?

ЕКТС, за првпат е претставен во 1989 година во рамките на Еразмус програмата. ЕКТС е единствен систем што се користи во цела Европа. Првенствено бил замислен како систем за пренос на бодови. Со употребата на овој систем, студентите можат да студираат на различни универзитети во Европа при тоа собирајќи ги бодовите при полагање на приемните испити. Овие ЕКТС бодови би требало да бидат препознати при напредување на нивните студии во домашните институции.

Сегашниот ЕКТС се развива како акумулационен систем што ќе се примени на институционално, регионално, национално и европско ниво. ЕКТС е подржан и прогласен како еден од клучните цели на Болоњската декларација во месец јуни 1999 година. ЕКТС може да се претстави во ситуација кога постои спремност на институцијата и на нејзините водечки структури да го прифатат нејзиниот основен концепт. Наставниот и административниот персонал мора да бидат обучени во познавање на основните принципи на ЕКТС, како и да знаат да го употребат и применат ЕКТС.

Како дополна за претставување на ЕКТС се потребни следните чекори:

- Основање на ЕКТС канцеларии и наименување на ЕКТС координатор,
- Именување на ЕКТС личност за контакт по секој предмет,

- Воспоставување на ЕКТС бодовен систем за сите предмети,
- Припрема на водич во електронска форма кој ќе ги содржи сите важни информации за институциите на локален и на англиски јазик.
- Припрема на основниот ЕКТС документ како студентската согласност, препис од архивата и процедурата за запипување на студентот.

## 4.2. ЕКТС бодови (кредити)

Кредитниот систем или доделување и трансфер на академски кредити / бодови во рамките на Еразмус програмата од 1988 година до 1995 година, се воведе експериментално во 145 универзитети во 5 различни области: менаџмент, хемија, историја, машинство и медицина, со цел признавање на испитите во странство. Поголемиот број на европски универзитети го воведе ЕКТС системот и до сега преку 1000 универзитети го применуваат овој систем. Со овој систем е формирана скала за сите универзитети со чија помош се изразува работниот труд кој студентот треба да го поднесе за да ги комплетира студиските единици (предмети).

Најчесто една година за студирање изнесува 60 кредити. Со овој систем е овозможено мерење и споредување на постигнатите резултати и нивен трансфер од една во друга институција.

**ЕКТС** бодовите претставуваат вредносна единица која се доделува за дадените студентски предмети и која го пртетставува трудот на студентот потребен за комплетирање на дадениот предмет. Бодовите, во суштина, претставуваат квантитет на работата кој го бара секој предмет во однос на вкупната количина на работа предвидена за завршување на сите предмети во една студиска година. Бодовите опфаќаат предавање, практична работа, семинари, поединечна работа, самостална работа и испити или други методи за вреднување на знаењето.

## 4.3. ЕКТС скала за оценување

Оценувањето е важен и чувствителен дел од образовниот процес. Во различни држави, системот за оценување е различен, така што постои потреба од транспарентност на системот, со цел на мобилните студенти да им се овозможи полесно да ја пренесат

оценката од еден во друг систем. Целта на оценувањето е што пообјективно вреднување на способностите на студентите во споредба со другите студенти во истиот систем. Скалилото за оценување не е замислено за да го замени домашниот систем за оценување, туку да ја олесни меѓусебната размена.

**ЕКТС** системот на оценување ги дели студентите во групи според тоа дали поминале или не поминале, а потоа одвоено ги мери нивните резултати.

Оние кои поминале се делат во пет подгрупи:

1. Најдобрите 10% ја добиваат оценката А,
2. Следните 25% ја добиваат оценката Б,
3. Следните 30% ја добиваат оценката Ц,
4. Понатаму, 25% ја добиваат оценката Д и
5. Последните 10% оценката Е.

Оние кои не положиле се делат во две групи:

1. FX – неуспешно – потребно е малку повеќе работа,
2. F – неуспешно – потребно е многу повеќе работа.

Резултатите од испитите вообичаено се изразуваат со оценки. Но, во Европа постојат различни скали за бројчано оценување. Како би можело да се помогне во преведувањето на оценките од другите универзитети направена е ЕКТС скалата за оценување, која покрај оценката овозможува и дополнителни резултати кои ги постигнал студентот, при што тие информации не можат да ја заменат самата оценка.

<table>
<tr><th>ЕКТС оценка</th><th>Процент на студенти кои ги положиле испитот</th><th>коментар</th></tr>
<tr><td>A</td><td>10</td><td rowspan="5">Не се препорачува употреба на зборови како “одличен”, “добар” затоа што ЕКТС не ги препознава.</td></tr>
<tr><td>B</td><td>25</td></tr>
<tr><td>C</td><td>30</td></tr>
<tr><td>D</td><td>25</td></tr>
<tr><td>E</td><td>10</td></tr>
<tr><td>FX</td><td>-</td><td>Неуспешно, потребно е малку повеќе работа</td></tr>
<tr><td>F</td><td>-</td><td>Неуспешно, потребно е многу повеќе работа</td></tr>
</table>

Разликата во оценување не само што е различна од држава до држава, туку и помеѓу универзитети во иста држава.

Скала за оценување во европските универзитети по држава:

| **Држава** | **Скала** | **Минимална задоволителна оценка** |
|---|---|---|
| Албанија | 1-10 | |
| Азербејџан | 1-5 | |
| Австрија | 1-5 | |
| Белорусија | 2-5 | |
| Босна и Херцеговина | 5-10 | |
| Бугарија | 2-6 | |
| Грузија | 1-5 | |
| Грција | 0-10 | |
| Естонија | 0-5 | |
| Исланд | 0-10 | |
| Ерменија | 1-5 | |
| Србија | 5-10 | |
| Црна Гора | 5-10 | |
| Казакстан | 1-5 | |
| Кипар – грчки дел<br>Кипар – турски дел | 1-20<br>1-10 | |
| Летонија | 1-10 | |
| Литванија | 1-10 | |
| Луксембург | 0-20 | |
| Македонија | 5-10 | |
| Унгарија | 1-5 | |
| Молдавија | 1-10 | |
| Норвешка | 1-6 | |
| Германија | 1-6 | |
| Полска | 2-5 | |
| Португалија | 0-20 | |
| Романија | 1-10 | |
| Словачка | 1-4 | |
| Словенија | 1-10 | |
| Холандија | 1-10 | |
| Хрватска | 1-5 | |
| Чешка | 1-4 | |
| Шпанија | 1-10 | |

23)

23) Публикација на студентската унија на Република Српска, Бања Лука 2003.стр.60,61,64.67,69,73,75,83,89,94,96,98,99,101,104,111,112,118,122,126,129,132,137,143,146,160,161,164, 176.

Покрај ваквата бројчана скала, оценувањето во некои држави има и специфичен начин на оценување, како на пример:

| | |
|---|---|
| Белгија | За да го положи испитот, студентот треба со точни одговори да пополни 70% од наставното градиво. Најголемата оценка е 90%. |
| Велика Британија | Највисоката оценка а А, најниската задоволителна оценка е Д, најлошата оценка е Е. |
| Данска | Се користи скала од 00-13 (10,11,12,13 се одлични оценки, 7,8,9 се добри оценки, 6 е задоволителна оценка, 00,03 и 5 се непреодни). |
| Италија | Во текот на испитите можно е максимално да се соберат 30 поени, за да помине студентот му требаат 18. За специјализација скалата е од 0-72 со минимално 42 поени за положување. |
| Малта | Се користи прв степен = најдобар, втор = виш и трет степен за проодност |
| Германија | Покрај оценките од 1-6 (1 е најдобра, а најслаба преодна е 4), секоја оценка носи одреден број на бодови (1=15 бодови, 2=12, 3=9, 4=6, 5=3 и 6=0 бодови). |
| Ирска | Се оценува со оценки од А до Е, при што D претставува најниска преодна оценка. |
| Русија | Се користат описни оценки: незадоволува, положил, задоволува и одличен. |
| Турција | Поголемиот број на универзитети користат од 1-4, некои од 1-5 или 1-10. |
| Украина | Се користат оценки од 2-5, најниска преодна е 3 со предзнак + или -. |
| Финска | Нема универзален начин на оценување но најлесто од 1-3 или 1-5, при што во двата случаи 1 е најниска оценка. |
| Франција | Се користи скала од 00-20, најниско преодно ниво е од 10-12. |
| Швајцарија | Постојат 3 системи: Од 1-6, најниска преодна оценка е 4. Од 6-1, најниска преодна оценка е 3. Од 1-10, најниска преодна оценка е 6. |
| Шведска | Се применуваат бодови: една година на студирање носи 40 бода, 40 часа неделно, 40 недели. На техничките факултети се користи скалата од 3-5, а кај општествените науки е B-BA-AB. |

24)

24) Публикација на студентската унија на РС, Студирање во Европа, Бања Лука, 2003 г.

Покрај ваквата разноликост, секако дека е јасно зошто е потребна единствена препознатлива скала за оценување.

### 4.4. ЕКТС студенти

**ЕКТС** многу му помага на студентот. Припадноста на студентите на ЕКТС кредитниот систем на бодови им овозможува да запознаат нови држави, да се усовршуваат преку образование во странство како и по сопствена желба да ги продолжуваат студиите. Секако, сето ова важи доколку студентот е економски способен да може сето тоа да го оствари.

### 4.5. ЕКТС и универзитетите

ЕКТС многу повеќе му користи на универзитетот отколку на студентот. Преку ЕКТС системот на кредитирање универзитетот е потранспарентен, може да ја реорганизира структурата на наставниот програм, може да ја обезбеди автономијата и има полесен пристап до странските планови и програми и може своите континуирано да ги менува, во зависност од потребите.

### 4.6. Примена на ЕКТС во праксата

Основната примена на ЕКТС ја овозможуваат три основни документи:

- Информационен пакет,
- Спогодба за образование,
- Транскрипт.

Прво и основно пред примената на ЕКТС системот во пракса е воведувањето на информациски систем. Тој треба секоја година да се освежува со нови информации за самата институција, локација, сместувањето на студентите и за другите административни процедури. Овој пакет треба да ги содржи и информациите за програмите на универзитетот како што се:

- содржината,
- предусловите,
- начинот на проверка на знаењето,
- временската шема,
- методите што се користат,
- ЕКТС бодовите кои се применуваат,
- опис на самиот факултет што ја нуди програмата.

Информацискиот пакет се објавува на мајчин јазик и на еден странски јазик.

Следниот чекор е припрема на спогодба за образование. Со оваа спогодба прецизно се утврдува програмата за студирање во странство, која пред трансферот ја потпишува студентот, неговата матична институција и институцијата на која студентот ќе студира.

Конечно, третиот документ е транскрипт со кој се покажуваат остварувањата на студентот пред да замине на другиот универзитет, како и после неговото враќање од странскиот универзитет. Транскриптот треба да ги содржи оценките за сите предмети.

### 4.7. Клучни обележја на ЕКТС системот

Европскиот систем за пренос и собирање на бодови е насочен кон студентот и неговото оптеретување кое е потребно за постигнување на целите на студиската програма. EKTS се темели на начелото дека 60 бодови е мерка за оптеретување на студентот во текот на една училишна година. Трудот на еден студент кој студира во Европа, воглавно изнесува помеѓу 1500 и 1800 часови во една училишна година, така што во тој случај еден бод е еднаков на 25-30 работни часови.

Бодовите (кредитот), студентот може да ги добие после успешно завршените работни обврски.

Трудот на студентот во ЕКТС се изразува со времето што е потребно за исполнување на сите планирани активности, како што се предавањето, семинарите, самосталната работа, изработката на проекти итн.

### 4.8. Доделување на бодови

Бодовите можат да бидат доделувани при сите врсти студиски програми. Со нив се покриваат и се стажираат истражувањата, во првиот, вториот или третиот циклус на школување, а можат да бидат доделени и за самостална работа на програмите кои не се запишани во редовната студиска програма.

Погрешно е да се поврзуваат бодовите со часовите за предавање, затоа што не постои директна врска помеѓу бодовите и часовите за предавање. Еден час на предавање може да бара три часа самостално учење и преипрема на студентот. Семинарите кои траат два часа може да бараат цела седмица за припрема.

ЕКТС бодовите го изразуваат оптеретувањето на студентот мерено во временски единици. Тие не се однесуваат на статусот на предметот или на поединечниот наставник. На еден студент му е потребно повеќе или помалку време за постигнување на исти резултати. Но, доделувањето на бодовите се темели на реалното оптеретување на просечниот студент.

### 4.9. Диплomата "supplement"

Овој е документ кој на студентот му се издава заедно со диплома за завршено образование. Целта за издавање на овој додаток е зголемување на меѓународната транспарентност и олеснување на процедурата за признавање на диплomата. Додатокот на диплomата не содржи слободни проценки, споредби или повлекување на паралели, ниту некакви сугестии. Европската комисија во советот на Европа и УНЕСКО, имаат направено листа на елементи кои треба да се наоѓаат во додатокот. Тоа се следниве 8 елементи:

1. информации за квалификациите на сопственикот,
2. информации за квалификациите,
3. информации за степен на квалификациите,
4. информации за содржината и постигнатите резултати,
5. информации за улогата на квалификациите,
6. дополнителни информации,
7. сертификација,
8. информации за националниот високо-образовен систем.

Овие осум делови секогаш мораат да бидат исполнети. Ако некои информации недостасуваат, мора да постои објаснување за нивното непостоење. Додатокот на диплomата не може да ја замени оригиналната диплома. Диплomата со додатокот, треба на студентот да му донесе одредени предности:

1. таквата диплома е "читлива",
2. прецизен опис на стекнатите знаења, вештини и компетенции,
3. објективност и можност за реална проценка на постигнатите резултати,
4. полесен пристап до берзата на трудот,
5. поголеми можности за продолжување на студиите.

Додатокот на дипломата донесува одредени предности и за универзитетот:

1. поголема транспарентност,
2. олеснета постапка за признавање на дипломите,
3. воведување на заедничка рамка која е прифатена во Европа,
4. подобра проценка на квалификациите во меѓународни рамки,
5. промоција на универзитетот на меѓународен план,
6. заштеда на времето кога станува збор за признавање на дипломата.

Едноставно кажано, дипломата со додатокот ја унапредува транспарентноста во високото образование, ги следи промените во системите на квалификации во светот, ја стимулира мобилноста и ја унапредува точноста на проценките на сите квалификации.

Додатокот на дипломата е во употреба во Чешка, Данска, Естонија, Финска, Франција, Италија, Холандија, Норвешка, Словачка, Словенија и Шведска.

**а) Информации за сопственикот на дипломата**

Во делот што се однесува за сопственикот на диопломата треба да стои полното име и презиме, денот, месецот и годината на раѓање како и констатацијата дека студентот бил запишан на програмата за кој се издава додатокот на дипломата. Тука се внесува и бројот за идентификација за оние држави каде што бројчаниот систем е во употреба.

**б) Информации за квалификациите**

Во овој дел мора да се внесе полниот наслов на квалификацијата, основната област на студирање, на пример: политика, историја, молекуларна биологија, менаџмент и.т.н., име на институцијата која ја доделува квалификацијата и нејзиниот статус, како на пример приватна / државна и доколку е акредитирана, да се напише кој ја акредитирал. Во додатокот треба да стои и институцијата што ги спроведува студиските програми, затоа што не мора секогаш институцијата што ја доделува акредитацијата и да ја спроведува студиската програма. Важен елемент во овој дел на информации е и јазикот на кој е стекната квалификацијата.

**в) Информации за степенот на квалификации**

Тука треба да биде објаснет точниот степен на квалификации и евентуално други информации кои се релевантни за квалификација на национално ниво, работното оптеретување на студентот, односно траењето на студиската програма изразено во седмици и години. Како мерка може да се користи бројот на работните часови по седмици или опис карактеристичен за конкретен национален систем.

**г) Информации за содржината и пстигнатите резултати**

Начинот на студирање може да биде редовен, вонреден, виртуелно учење итн. Тука се наведуваат и детали за излезните резултати, вештините, компетенциите и целите кои се поврзани со дадената квалификација, како и списокот на оценките кои студентот ги добил за предметите кои ја сочинуваат студиската програма, како и информации за заработените кредити. Тука се наведуваат детали за правото на работа или за професионалниот статус кој го има сопственикот на квалификациите.

**д) Дополнителни информации**

Се наведуваат сите дополнителни информации кои не се наведени во погорните ставки, а се релевантни за проценката на карактерот, степенот и користа од квалификацијата. Тука исто така се наведуваат и корисни информации кои нудат повеќе детали за дадената квалификација.

**ѓ) Сертификација**

Во овој дел се внесува датумот на издавање на дипломата, кој не мора да се поколопува со датумот кога е стекната квалификацијата, потоа името и потписот на овластеното лице, нејзината позиција и печатот на институцијата што го издава додатокот на дипломата.

**е) Организација на студиите од перспектива на учење цел живот.**

Имајќи го предвид брзиот развој на науката и технологијата, еднаш стекнатото знаење брзо застарува. Доколку човекот не учи цел живот, односно не го следи развојот на науката и технологијата, неговото стекнато знаење многу бргу станува неупотребливо. Поради тоа наставните планови и програми мораат на додипломските студии да опфатат што пошироки програми, како студентите би можеле да добијат пошироко образование. Во другиот циклус на образование, студентот може своето интересирање да го посвети на праксата и така да го прошири своето знаење. Она што е карактеристично за завршените студенти во нашата држава е фактот дека поголемиот број се одлучуваат за постдипломски студии затоа што немаат работа, така да постдипломските студии не преставуваат предмет на интересирање туку се посветуваат на нив затоа што нема што друго да работат.

Студирањето со примена на наученото во пракса доаѓа многу повеќе до израз. Завршените додипломци би требало да работат и со работа да го прошират знаењето и интересирањето. Само тогаш можеме да говориме за целоживотно образование.

Резултатите од ваквиот пристап во образованието би биле подигнување на општото ниво на образование во општеството, подобра хоризонтална и вертикална проодност во студирањето, побрзо соочување, а со самото тоа и побрзо решавање на проблемите, брзо и успешно одговарање на промените, како и давање на дополнителни образовни шанси.

Како главна препрека во остварувањето на ваквиот концепт се воочува непрепознавањето на улогата на универзитетот во континуираниот целоживотен систем на учење. Младите луѓе завршуваат додипломски испити и сметаат дека не треба понатаму да учат. Сведоци сме на тоа дека кога студентот ќе ги положи испитите, тој своите книги не ги чува туку ги поклонува на други, или уште полошо, ги фрла.[25)]

25) Национална Програма За Razвој па Образование vo Р.М.2005-2015,стр.280-281

# 5. Високото образование во ЕУ

## 5.1. Систем на студирање во Европа

Кога зборуваме за реформи на високото образование, зборуваме за европските стандарди во вискотo образование, но често не знаеме што тоа всушност значи. Што конкретно студентот добива со усвојување на новиот закон за високо образование? Што е тој процес што така често се спомнува, но кога ги прашуваме младите што е тоа, тешко дека ќе го добиеме правиот одговор. Но, најважно е тоа што слушнале за некои промени дека ќе се случуваат и дека тоа можеби е добро на некој начин. Тука исто така би го спомнал и остварувањето на трите основни цели:

- Мобилност и интернационализација
- Висока стапка на вработеност
- Компетитивност

## 5.2. Најдобро рангираните европските универзитети

Најдобро рангираните европските универзитети се:

| Region Rank | Institution | Country / Region | Overall score change |
|---|---|---|---|
| 1 | University of Cambridge | United Kingdom | 91.2 |
| 1 | University of Oxford | United Kingdom | 91.2 |
| 3 | Imperial College London | United Kingdom | 90.6 |
| 4 | Swiss Federal Institute of Technology Zurich | Switzerland | 83.4 |
| 5 | University College London | United Kingdom | 78.4 |
| 6 | Ecole Polytechnique | France | 69.5 |
| 7 | University of Edinburgh | United Kingdom | 69.2 |
| 8 | Ecole Normale Superieure, Paris | France | 68.6 |
| 9 | University of Göttingen | Germany | 67.0 |
| 9 | Karolinska Institute | Sweden | 67.0 |
| 11 | École Polytechnique Federale of Lausanne | Switzerland | 66.5 |
| 12 | University of Munich | Germany | 63.0 |
| 13 | University of Bristol | United Kingdom | 61.4 |
| 14 | Trinity College Dublin | Ireland | 60.3 |
| 15 | King's College London | United Kingdom | 59.7 |
| 16 | University of Sussex | United Kingdom | 59.5 |

| Region Rank | Institution | Country / Region | Overall score change |
|---|---|---|---|
| 17 | University of York | United Kingdom | 59.1 |
| 18 | Ruprecht Karl University of Heidelberg | Germany | 59.0 |
| 19 | Durham University | United Kingdom | 58.9 |
| 20 | London School of Economics and Political Science | United Kingdom | 58.3 |
| 21 | University of Manchester | United Kingdom | 58.0 |
| 22 | Royal Holloway, University of London | United Kingdom | 57.9 |
| 23 | Lund University | Sweden | 57.8 |
| 24 | University of Zurich | Switzerland | 57.7 |
| 24 | University of Southampton | United Kingdom | 57.7 |
| 26 | University College Dublin | Ireland | 57.5 |
| 27 | University of Basel | Switzerland | 57.3 |
| 28 | ENS de Lyon | France | 57.0 |
| 29 | Technical University of Munich | Germany | 56.9 |
| 30 | University of Helsinki | Finland | 56.6 |
| 31 | University of St. Andrews | United Kingdom | 56.5 |
| 32 | Eindhoven University of Technology | Netherlands | 55.3 |
| 33 | University of Geneva | Switzerland | 55.0 |
| 34 | Catholic University of Leuven | Belgium | 54.8 |
| 35 | Queen Mary, University of London | United Kingdom | 54.6 |
| 36 | Technical University of Denmark | Denmark | 54.5 |
| 37 | Ghent University | Belgium | 54.4 |
| 37 | Leiden University | Netherlands | 54.4 |
| 37 | Lancaster University | United Kingdom | 54.4 |
| 40 | University of Glasgow | United Kingdom | 54.2 |
| 41 | Stockholm University | Sweden | 54.0 |
| 42 | University of Freiburg | Germany | 53.3 |
| 43 | University of Bergen | Norway | 52.7 |
| 44 | University of Lausanne | Switzerland | 52.6 |
| 45 | University of Sheffield | United Kingdom | 52.5 |
| 46 | VU University Amsterdam | Netherlands | 52.3 |
| 47 | Pierre and Marie Curie University | France | 52.2 |
| 47 | University of Dundee | United Kingdom | 52.2 |
| 49 | University of Barcelona | Spain | 52.1 |
| 50 | Utrecht University | Netherlands | 52.0 |
| 51 | Wageningen University and Research Center | Netherlands | 51.9 |

| Region Rank | Institution | Country / Region | Overall score change |
|---|---|---|---|
| 52 | University of Birmingham | United Kingdom | 51.8 |
| 53 | Uppsala University | Sweden | 51.6 |
| 54 | University of Aberdeen | United Kingdom | 51.4 |
| 55 | Delft University of Technology | Netherlands | 51.3 |
| 56 | Birkbeck, University of London | United Kingdom | 51.2 |
| 56 | Newcastle University | United Kingdom | 51.2 |
| 58 | Pompeu Fabra University | Spain | 51.1 |
| 59 | Erasmus University Rotterdam | Netherlands | 50.4 |
| 60 | University of Amsterdam | Netherlands | 50.0 |
| 60 | University of Liverpool | United Kingdom | 50.0 |
| 62 | Aarhus University | Denmark | 49.9 |
| 63 | University of Würzburg | Germany | 49.8 |
| 63 | University of Leeds | United Kingdom | 49.8 |
| 65 | University of Groningen | Netherlands | 49.7 |
| 66 | Johann Wolfgang Goethe University Frankfurt am Main | Germany | 49.4 |
| 67 | Bielefeld University | Germany | 49.3 |
| 68 | University of East Anglia | United Kingdom | 49.0 |
| 68 | University of Nottingham | United Kingdom | 49.0 |
| 70 | University of Copenhagen | Denmark | 48.8 |
| 71 | Humboldt University of Berlin | Germany | 48.5 |
| 71 | University of Bonn | Germany | 48.5 |
| 73 | RWTH Aachen University | Germany | 48.2 |
| 74 | University of Exeter | United Kingdom | 47.6 |
| 75 | University of Twente | Netherlands | 47.5 |
| 76 | University of Konstanz | Germany | 47.3 |
| 77 | University of Innsbruck | Austria | 47.2 |
| 77 | Karlsruhe Institute of Technology | Germany | 47.2 |
| 79 | Eberhard Karls University, Tübingen | Germany | 47.0 |
| 80 | Royal Institute of Technology | Sweden | 46.8 |
| 81 | University of Vienna | Austria | 46.7 |
| 82 | Swedish University of Agricultural Sciences | Sweden | 46.2 |

26)

26) www.ehow.com/ Листа на најдобрите универзитети во Европа

## 5.3. Мобилност и интернационализација

Мобилноста претставува слобода на студентот сам да го одбира факултетот на кој сака да студира, со неограничени можности за трансфер од една установа во друга која е компатибилна. Со доаѓање на странски студенти во нашата земја ќе се оствари интернационализација. Интернационализацијата е посебно означена како приоритет во земјите како иснтерес за “извоз” на студените во други земји, па дури и вработување на истите во другите земји.

Мобилноста е насочена и кон младите стручњаци кои се занимаваат со научно-истражувачката работа. На тој начин многу земји ќе привлечат млади стручњаци со цел да ја развијат науката и техниката и во своите простори. Во некои земји, како што е Италија, после усвојување на законот во 1999 г. еден од критериумите за избор на наставниците и нивно напредување, воведен е период спроведен на некој странски универзитет.

Мобилноста подразбира и трансфер на студенти од една вискообразовна институција во друга, во самата држава, затоа што е познато, посебно кај нас, дека студените мораат да преминуваат преку големи разлики од една високообразовна установа, во друга покомпатибилна.

Со тоа на европскиот пазар во блиска иднина, многу поквалитетни ќе бидат оние кои еден дел од своето образование го поминале надвор од својата земја и надвор од матичната установа, дека се претпоставува дека стекнале повеќе знаења и повеќе пракса, не само на една високообразовна установа.

Добар пример на земји кои обврнуваат доста внимание на студирање надвор од границите од својата матична земја е Шпанија, која издвојува значителни средства од буџетот за студенти кои студираат надвор од границите на нивната земја.

Непријател на воведувањето што повеќе мобилност на студентите е визниот режим. Визниот режим е особено тежок помеѓу земјите кои припаѓаат на Европската унија и земјите кои не се членки на ЕУ. Потребно е да се скрати процедурата за добивање на студенски визи или да го олесни воведување на студенти за добивање на студенски визи. Самиот систем на бодување на работата на студентот би ја олеснил мобилноста на

студентот. Исто така несовпаѓањето на насоките и студиските програми претставуваат пречки на меѓусебно признавање помеѓу поедини високообразовни установи од различни земји, што го отежнува прифаќањето на странски студенти на привремено студирање, а и заминување на наши студенти од границите на нашата земја за студирање во странство.

Додатокот на дипмомата или *Diploma Sapplement* е уште еден начин кој се постигнува со полесно прифаќање на студентите од другите установи, без разлика дали поради продолжување на школувањето или работен однос.

Европската унија е следење на современите трендови на промени кои владата во академскиот живот на Европа, во неколку наврати расправаше на тематика мобилност и даваше препораки кои се однесуваат на овозможување на трансфер на студенти и наставници од една држава во друга.

**5.4. Вработување на дипломираните студенти**

Ме иритира фактот дека според едно спроведено истражување, на Бирото за вработување се наоѓаат 5 магистри и 1 доктор на науки, што значи дека стапката на вработеност има тендеција на намалување. Од друга страна пак, во некои европски земји се отвараат нови работни места, во нови области на работа и тоа доведува до дефицит на квалификувани кадри. Таквите земји единствена алтернатива гледаат во интернационалниот пазар на работа. Воспоставените врски помеѓу академскиот и професионалниот живот мора да почне уште од студентските денови. Практичната работа за време на студрањето им помага на студентите да се запознаат со својата идна професија, а во исто време воспоставува врска помеѓу универзитетот и стручната установа.

Болоњската декларација става акцент на вработувањето на дипломираните студенти. Реформите во образованието не се само реформи во наставниот процес, туку тие помагаат младите дипломирани студенти да се приближат кон европскиот пазар за работа.

Нашата земја има мал број на високообразовни кадри, сè на сè, неколку проценти, додека во развиените земји тој процент е десетици. Проблемот со нашите дипломирани

студенти е во неконкурентноста, односно во наставната програма на нашите високообразовни установи. Кога студентот ќе го заврши факулетот, тој би требало да биде “готов производ” или проближно до тоа, за да биде спремен да се вклучи во пазарниот натпревар. Меѓутоа, нашите дипломирани студенти не се спремни да се приклучат во тој натпревар, односно не е оспособен за работа веднаш по завршувањето на факултетот.

Праксата пристигнува со почнување на работата, ако работодавачот има размислувано за тоа. Проблемот лежи во непостојаните стандарди и правила во нашето школување. Болоњскиот процес подразбира воведување стандарди во виското образование. Наш студент ако сака да продолжи со школување после првата или втората година во некоја друга земја, во некоја друга високообразовна институција, неговото знаење би требало да биде барем приближно исто како знаењето на студентите во таа високо образовна установа, во која сака да премине. Но ситуацијата не е таква.

## 5.5. Извори на финансирање на високообразовни установи во земјите членки на Европската унија

| Држава | Врста на институција | Грантови на влади | Средства за истражувачки работи | Упис и школарина | Друго |
|---|---|---|---|---|---|
| Белгија | | Буџет на зедницата | Истражувачки договори | Упис и школарина | Стални едукациски курсеви |
| Данска | | Државен буџет | | | |
| Германија | | Федерален буџет | Истражувачки договори | | |
| Грција | | Државен буџет | | | |
| Шпанија | Јавни универзитети | Државен Буџет, | Истражувачки договори | Упис и школарина | Донации, субвенции, провизии, надоместоци финансиски активности |
| | Приватни унверзитети | Придонес на заедницата | | Школарина | Своина на приватникот, академски сервиси. спонзори, донации, фондации |
| Франција | Јавен сектор | Државни и буџети на локалните тела | Истражувачки договори | Упис и Школарина | Такси, едукациски курсеви |
| | Приватни сектори | Државен буџет | | | Такси за стручни услуги |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ирска | Јавни институции | Државен буџет | Истражувачки договори | Упис и школарина | Државни, приватни спонзори, фондации |
| | Приватни институции | | | Упис и Школарина | " |
| Исланд | Универзитети | Државен буџет | Истражувачки договори | Упис и школарина | Курсеви,тре-нинзи, студиски курсеви |
| Луксембург | | Државен буџет | | | |
| Холандија | | Државен буџет | Истражувачки договори | Школарина | |
| Австрија | Универзитети | Федерален буџет | | | |
| | Фацхтоцхсцулен | Федерален буџет | | | |
| | Универзитетски центри за постдипломски студии | Придонеси на федерацијата | Поддршка за истражувачки програми | Школарина | |
| Португалија | Јавни институции | Државен буџет | Државни средства за истражувачки труд | Упис и школарина | Европски фондови, средства организирани од работата на сервисот |
| | Приватни институции | | Државни средства за истражувачки | Упис и школарина | |
| Финска | Универзитети | Државен буџет | Државен буџет | | |
| | АМК институции | Државен буџет и придонеси | | | |

27)

27) Публикација на студентската унија, Студирање во Европа, Еуропринт Бања Лука, Март 2003, стр. 19- 20

## 5.6. Видови на високообразовни установи во Европа

Во Европа има два основни модели на високо образовани установи, а тоа се: унитарен и бинарен.

Унитарниот систем подразбира постоење само на унивезитетски високообразовни установи, кои нудат различна програма по должина и нивоа.

Бинарниот систем до универзитетските сектори е оној кој нуди теоретски и истражувачки програми, а има и свој посебен неуниверзитетски сектор чија програма е високо стручно ориентирана. Класичните универзитети ја комбинираат наставата и научно-истражувачката работа, додека неуниверзитетскиот сектор е повеќе стручно ориентиран со или без додатна примена од резултатите на истражувањето. Најдобар пример за бинарниот систем е Германија, која го вовела уште седумдесетите години на минатиот век. После Германија, Англија била следна, па Белгија, Финска, Холандија. Од друга страна пак, Велика Британија бинарниот систем го укинала во 1991 година. Норвешка е земја во која е блиска и успешна соработката на универзитетскиот и неуниверзитетскиот сектор.

| **Високообразовниот систем во Европа** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Земја | Високообразовен систем | | Студентски програми | | Структурата на докторските студии | |
| | Унитарни | Бинарни | Едностепени | Двостепени | Едностепени | Двостепени |
| Албанија | ❖ | | | ❖ | ❖ | |
| Босна и Херцеговина | ❖ | | | ❖ | ❖ | |
| Австрија | | ❖ | ❖ | | ❖ | |
| Белгија | | ❖ | ❖ | | ❖ | |
| Бугарија | | ❖ | | ❖ | ❖ | |
| Кипар | | ❖ | | ❖ | ❖ | |
| Чешка | ❖ | | | ❖ | ❖ | |
| Данска | | ❖ | | ❖ | | ❖ |
| Естонија | | ❖ | | ❖ | ❖ | |
| Финска | | ❖ | | ❖ | ❖ | |
| Франција | | ❖ | | ❖ | ❖ | |
| Германија | | ❖ | ❖ | | ❖ | |
| Грција | | ❖ | ❖ | | ❖ | |
| Унгарија | | | ❖ | | ❖ | |
| Македонија | ❖ | | | ❖ | ❖ | |
| Ирска | | ❖ | | ❖ | ❖ | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Исланд | | ❖ | | ❖ | | ❖ |
| Италија | | ❖ | | ❖ | ❖ | |
| Лихтенштајн | | ❖ | | ❖ | ❖ | |
| Литванија | | ❖ | ❖ | | ❖ | |
| Малта | | ❖ | | ❖ | | ❖ |
| Холандија | | ❖ | ❖ | | ❖ | |
| Хрватска | | ❖ | | ❖ | ❖ | |
| Норвешка | | ❖ | | ❖ | ❖ | |
| Полска | | ❖ | | ❖ | ❖ | |
| Португалија | | ❖ | | ❖ | ❖ | |
| Романија | ❖ | | | ❖ | ❖ | |
| Словенија | | ❖ | | ❖ | ❖ | |
| Шпанија | ❖ | | ❖ | | ❖ | |
| Шведска | ❖ | | | ❖ | ❖ | |
| Швајцарија | | ❖ | ❖ | | ❖ | |
| Велика Британија | ❖ | | | ❖ | ❖ | |
| Србија | ❖ | | | ❖ | ❖ | |

Интересно е како Европските земји ја регулирале висината на школарината, ако воопшто ја има. Системот на плаќање школарина е еден од факторите на разноликоста на европскиот високообразовен систем, така што тој фактор може да влијае на трансфер на

студентите за студирање во друга земја, надвор од грнците на својата земја. Некои земји немаат школарина – студентите не плаќаат никаква школарина, како на пример во Австрија, Германија, Данска, Грција (домашните студенти не плаќаат, ниту студенти од ЕУ, но останатите странци плаќаат), во Финска, во Ирска (додипломски студии не се плаќаат, туку само посдипломските), во Исланд, Луксембург, Норвешка и Шведска. Додека во другите земји висината на школарина зависи од материјалната состојбата на студентите, како во Шпанија, Франција и Италија. Во Велика Британија висината на школарината за домашните студенти се разликува од висината на школарината за странците.[28)]

---

28) Публикација на студентската унија, Студирање во Европа, Еуропринт Бања Лука, Март 2003, стр. 22

## 5.7. Автономија на универзитетот

Традицинално, секој универзитет си има своја автономија. Автономијата на универзитетите во некои периоди се намалува, а во некои се зголемува, зависно од државното уредување.

Автономијата на универзитетот, подразбира:

- **Организирана автономија,**
- **Персонална автономија,**
- **Академска автономија,**
- **Финансиска автономија.**

- **Организираната автономија** се состои од самостојноста на универзитетот на:
  - Формирање на катедри и насоки,
  - Формирање институти и заводи,
  - Формирање на факултети,
  - Формирање на библиотеки,
  - Основање на информациски систем,
  - Поставување на внатрешно организирање и односи помеѓу членовите на универзитетот,
  - Автономија во изборот органи на универзитетот, факултетот и институцијата.
- **Персоналната автономија**, во која се бара потполна слобода во:
  - Утврдување критериуми за избор и избор на студенти,
  - Утврдување критериуми за избор и избор на асистенти,
  - Утврдување критериуми за избор и избор на наставниците и соработниците,
  - Избор на шефови на катедри и отсеци,
  - Избор на декан и продекан,
  - Избор на ректор, проректор и секретар,
  - Избор на административна личност.

- **Академската автономија** подразбира независност:
  - Во утврдување наставни планови и програми,
  - Во утврдување научно-истражувачки проекти,
  - Во утврдување на научно и уметнички креативности,
  - Во реализација на истражувачките проекти,
  - Во изведување на наставниот процес,
  - Зголемување на квалитетот на студиите и научната работа
- **Финансиската автономија** подразбира независност и одговорност на универзитетот за утврдување:
  - Критериуми за стекнување финансиски средства,
  - Стандардни и нормативни универзитетски работи,
  - Распоредување на финансиските средства,
  - Плата и други примања на вработените,
  - Набавка на опрема и предавања,
  - Инвестициони вложувања.

Глобализацијата, транзицијата и реформите се друштвени феномени на нашето време. Глобализацијата или новата светска цел е стандардизирање на светот, а како тоа обично помалку слабите се приклонуваат кон јаките. Македонија е политички незрела, економски нејака и во секој поглед неспремна да ја прифати новата светска цел. Национално оптеретена таа се занимава со споредните работи, а не со реформи. Потребни се реформи на сите нивоа, кои би биле во склад со новата светска цел.

Не ми е целта во овој труд да зборувам за политика, но таа е неминовна во сите сфери на нашата држава. На транзицискиот пат, често слушаме дека нам ЕУ не ни донесува ништо добро, и имаме секојденевно кочење на реформите во сите нивоа.

До влегувањето во ЕУ патот е долг и макотрпен, и прашање е колку ќе трае. За влегување во ЕУ долга е листата на услови, а кај нас има многу мала моќ, знаење и мудрости за да се оствари. Во нашата земја има јака политичка моќ која смета дека не треба да одиме по тој пат.

Реално гледано, само со рефеорми можеме да ги исполниме сите тие услови и да преминеме на тој долг и макотрпен пат кон европската унија. Една од тие реформи е реформата за високо образование, која мора да се спроведе во духот на европските документи и Болоњската повелба, донесена во дамнешната 1988 година. Незнаењето и сиромаштијата се два најголеми непријатели на луѓето. Нив мораме да ги победиме и да го обезбедиме народот и државата на Република Македонија со апсолутно најнеопходните точки на европските држави и народи. Таа преобразба и скок нагоре можеме да ги извршиме со реформи со поддршка од меѓународните фактори. Но, македонската бавност, пасивност, исклучивост и излишно политизирање ги кочи реформските процеси, а меѓународните претставници преземаат инцијатива и ги наметнуваат своите решенија. Тие тоа ќе го прават и понатаму, согласно со своите овласутвања, но би било значително подобро ако сами ги донесуваме решенијата со подршка на меѓународните фактори. Ние тоа едноставно мораме да го правиме, инаку ќе останеме трајно лобирани од страна на Европа. При тоа, со повеќе мудрост и дипломатија, ќе влеземе во сите интеграции со својата национална вредност и посебност: јазик, писмо, култура, историја и традиција. Ќе бидат применети европските стандарди на нашите трајни вредности.

Европскиот модел на студирање е во интерес на сите граѓани на Република Македонија. Контрола над образованието мора да преземат оние на кои тоа најмногу се однесува, а тоа се родителите, наставниците и студентите. Политиката треба да се држи што подалеку од училниците. Европското образование со големи чекори тргнува напред, а ние стоиме во место, веќе со години. Со неусвојувањето на законите, на студентите во Република Македонија им е скратена можноста која ја имаат студентите во Европа. Студентите кои студирале во Европа или Америка не можат да се вратат во Р. Македонија, бидејќи нивните дипломи не се признаваат кај нас. [29)]

29) Закон за Високото Образование во Р. Македонија сл.Весник 35/ 2008 чл. 11

## 5.8. Неформално образование

**Неформално образование** претставува било каква организирана и прифатена образовна активност која не кореспондира со формалното образование. Неформалното образование може да се одвива во и надвор од образовните институции, и да е наменета за сите лица без оглед на возраста. Во зависност од случаите, може да покрива образовни програми за образование на возрасни, или основна едукација за деца надвор од училишта, животни навики, работни навики, како и општи културни теми. Неформалното образование не секогаш го следи системот на скалата, може да има различни времетраења, и може, но и не мора да биде гарантирана со сертификат за наученото.

### 5.8.1. Што претставува неформално образование

**Неформалното образование** е дефинирано како било каков облик на систематска образована институција (најчесто надвор од традиционалните училишни установи) чија содржина е наменета за уникатните потреби на слушателите со цел да се максимизира учењето и да се минимизираат другите елементи кои најчесто ги окупираат наставниците во формалните образовни институции (како на пример: водење евиденција за присутност, запазување на дисциплина, пишување извештаи и сл.). Неформалното образование подразбира организирани процеси на учење насочени кон оспособување на лицата за работа, за разни социјални активности, како и за личен развој.

### 5.8.2. Што претставува формалното образование

**Формалното образование** е најчесто поврзано со образовните институции. Тоа е хиерархиски структуриран и хронолошки подреден образовен систем кој се спроведува од основните училишта до универзитетските установи, вклучувајќи ги и академиските студии и разни облици на специјализирани програми од институции за целовременски технички и професионален тренинг. Формалното образование подразбира активности кои се изведуваат преку институционални и јавно верифицирани облици на образование заради стекнување со стручни звања, вештини и способности, а ги опфаќа предшколското, основното, средношколското и високото образование.

### 5.8.3. Разлика помеѓу формално и неформално образование

Неформалното образование е повеќе насочено кон учење на практични вештини и знаења, за разлика од најголемиот дел од формалното образование. Слушателите можат да го прекинат неформалното образование доколку се незаинтересирани. Неформалното образование има тенденција да развие неформален редослед на активности, за разлика од формалното образование кое фукционира според претходно планиран редослед на активности кои се среќаваат во сите училишта. Во неформалното образование односите помеѓу учесниците се многу повеќе неформални (улогите на предавачите и слушателите не се толку строги и честопати си ги заменуваат улогите). Неформалното образование се фокусира на практични вештини и знаења, додека пак формалното образование се фокусира на информации кои може да имаат различна примена во пракса. Неформалното образование има многу пониско ниво на структурираност (и со тоа многу поголема флексибилност) отколку училиштата.

### 5.8.4. Што претставува информалното образование?

**Информално образование** е уште еден трет вид на образование. Овој вид на образование е најмалку структуриран од сите овие три видови и тој се однесува на секојдневните искуства и лекции кои не се планирани или организирани (инцидентно учење). Информалното образование подразбира активности во кои учењето и развојот се случуваат преку искуствено учење. Лицето ги прифаќа ставовите и позитивните вредности, ги развива ставовите вештините и знаења од секојдневните искуства и други влијанија и извори од својата околина. Во тие активности секое лице самостојно воспоставува контрола над процесот на учење, како и одговорност за резултатите од учењето.

## 5.9. Доживотно учење

Образованието на човекот во текот на неговиот живот може да се подели во две групи: **иницијално образование** и **перманентно образование**. Во групата на иницијално образование спаѓа **формалното образование** со кое човекот се стекнува во текот на образование во редовниот школски систем. Во групата на перманентно или постојано

образование спаѓаат **неформалното образование и информалното образование** или самоучење.

Со подигнувањето на свеста за потребата за образование на возрасните, се родила идејата дека учењето би требало да трае доживотно. Поради тоа, потребен е систем на образование кој, во секој момент, на секој поединец без оглед на возраста или на професионалниот статус, ќе му овозможи прилика за стекнување на нови, разновидни и корисни знаења.

Концептот на доживотно учење ги опфаќа и ги усклaдува различните облици на учење во текот на целиот човечки живот.

Тоа се: организираното учење (образование и развој) кое може да биде формално учење (школување) и неформално учење (курсеви, семинари, тренинзи од НВО или други институции за образование), како и неорганизираното или информалното учење. Со оглед на тоа дека човекот мора да учи во текот на целиот свој живот, учењето на возрасните лица не се одвива во училиштата, туку таму каде што возрасните лица живеат и работат.

Универзитетот со општ акт го уредува стекнувањето на ЕКТС кредити на докторските студии и ги пропишува ЕКТС кредити потребни за пријава на докторски труд. [30)]

30) http://www.no.net.mk/nefob/neformbr

## II. Методологија на истражувањето

### 1. Предмет на истражувањето

Изборот на предметот на ова истражување произлегува од потребите за подобро анализирање на организацијата и реализацијата на современите теденции во развојот на високото образование во Република Македонија и на дисперзираните факултети во Република Македонија. Знаеме дека времето во кое живееме и времето кое доаѓа бараат универзален, фексибилен и ефикасен образовен систем, кој е во состојба да одговори на современите образовните промени, да ги задоволи разните општествени потреби за образование на луѓето и да гарантира остварување на основните задачи на образование.

Затоа предметот на истражување на „Современи теденции на развојот на високото образование во Република Македонија" е од особено значење за воспитно-образовната пракса, бидејќи знаејќи го огромното влијание на организацијата и реализацијата на реформите во образовниот систем како и наставата од дисперзираните студии во секојдневниот живот ни овозможува да ја согледаме реалната слика на овие студии. Вака дефинираниот предмет е истражуван од следните аспекти:

1. Анализата на програмите од дисперзираните факултети
2. Перцепцијата на студентите на условите на дисперзираните факултети
3. Мислењето и ставовите на професорите и студентите во врска со дисперзираните факултети
4. Мислењето и ставовите на професорите и на студентите во врска со условите во дисперзираните факултети
5. Мислењето и ставовите на професорите и на студентите во врска со работата во дисперзираните факултети

Преку истражувањето меѓу професорите и студентите во дисперзираните факултети во Кичево, се проверија ставовите на студентите со неколку од значајните задачи на професорите и материјалната основа во дисперзираните факултети во Кичево.

Секако ова истражување нè запозна со важноста и улогата на дисперзираните факултети во Република Македонија и во Кичево.

## 2. Цел на истражувањето

Цел на секое истражување, па и ова во областа на вискотo образование е продлабочување на суштинските предмети на истражување и по можност решавање на тој проблем. Тоа значи дека целта е да се почне нешто, да се дојде до нови сознанија поврзани со предметот на истражување, да се дојде до познавање на појавите, својствата, суштинските проблеми и пракса во целина. И нашата тема на истражување „Современите теденции во развојот на високото образование во Република Македонија“ со посебен осврт на организирање и реализирање на наставата, местото и улогата на дисперзираните факултети во Кичево, внимателно е одбрана и веќе ги имплицира целите на истражување како составен дел на научната замисла на која одговара зошто и поради кого нешто или некоја појава се истражува. Обработката на темата организацијата и реализацијата на наставата во дисперзираните студии има за задача да оствари научна и практична цел.

Целта на ова истражување е: испитување, анализа на организацијата и реализацијата на наставата, местото , улогата на дисперзираните студии и квалитетот на институцијата на дисперзираните факултети во Кичево. Оваа цел ќе се постигне со:

1) Анализа на организирањето и реализацијата на наставата во дисперзираните студии во Кичево, утврдување на квалитетот и квантитетот на високото образование;
2) Анализа и согледување на места и улоги во дисперзираните студии и квалитетот на институцијата – факултет и универзитет;
3) Анализа и утврдување на ефикасноста на студијата кај дисперзираните факултети во Кичево;
4) Анализа на состојбата и квалитетот на процесот и можните приклучувања во тој процес.

## 3. Задачи на истражувањето

Со оглед на поставениот проблем на истражување и целта на самото истражување, како задачи на ова истражување можеме да ги издвоиме следниве:

- Да се испитаат материјалните и техничките услови во кои се реализира наставата на дисперзираните студии во Кичево
- Да се испита проодноста на студентите на дисперзираните факултети во Кичево
- Да се испитаат мислењата на професорите за ефективноста на работата во услови на дисперзирани студии во Кичево
- Да се испитаат ставовите на студентите за потреба од дисперзирани студии во Кичево.

## 4. Хипотези на истражувањето

Имајќи ги предвид целите и задачите на истражувањето, хипотезите се:

X1 Професорите сметаат дека постојат интертехнички услови за реализацијата на наставата на дисперзирани студии.

X2 Професорите и студентите сметаат дека најголем дел од студентите се запишуваат во наредната студиска година.

X3 Професорите имат позитивни ставови за потребите од дисперзирани студии.

X4 Студентите имаат позитивни ставови за наставата на дисперзирани студии.

X5 Сметаме дека наставата се изведува според Болоњскиот систем во дисперрзираните студии.

## 5. Варијабли на истражувањето

**Независна варијабла** - возраст и животна средина.

**Зависна варијабла** - ставовите и мислења на професорите и студентите.

## 6. Методи, техники и инструменти на истражувањето

Во ова истражување сметам дека најадекватен пристап за собирање на податоци е аналитичкиот пристап со нејзините методи, и тоа:

- Аналитичко - дескриптивен метод
- Техника на надбљудување при истражување на материјални технички услови
- Техника на интервју за професорите
- Техника на анкета за студентите

Со аналитичко-дескрептивниот метод ја утврдивме реалната состојба на дисперзираните факултети во Кичево, онаква каква што е. Ја анализиравме постојната и во исто време и посакуваната состојба, професорите и студентите, ги анализиравме нивните ставовите во врска со состојбата на дисперзираните студии, какво е прогностичкото гледање на професорите и студентите за иднината на дисперзираните студии.

Техника на надбљудување - преку оваа техника со однапред планирана и утврдена цел на истражувањето, добивме најреална и директна слика за материјално-техничките услови на дисперзираните студии.

Техника на интервју - со интервјуто дознавме како професорите ја гледаат и доживуваат програмата и проодноста на дисперзираните студии.

Техника анкетирање - преку анкетирањето добивме објективни податоци за дисперзираните студии. Прашањата од анкетниот лист беа од отворен, затворен и комбиниран тип на прашања.

Примена на овие техники беше извршено преку овие инструменти:

- Анкетен лист (прашалници)
- Протоколи на систематско надблудување
- Интервју

## 7. Примерок на истражувањето

Со цел од истражувањето да се обезбедат потребните употребливи податоци, кои во натамошните фази ќе претставуваат гаранција за веродостојност на примерокот беше применет принципот на стратикуваните професори и студенти на кои се извршуваше истражувањето. За потребите на истражувањето како примерок на истражување, исто така беа опфатени трите дисперзираните факултети во Кичево со опфат на 32 професори и 210 студентите од дисперзираните студии во Кичево.

Сметаме дека бројката на професорите и студентите ги дадоа потребните релевантни ставови и мислења кои се потребни за добивање на релевантни податоци.

Табела 1 : Структура на примерокот за анкетирање

| 1. | Факултетот | место | професорите | | | студентите | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | М. | Ж | | М. | Ж. |
| 2. | Бизнис Администрација | Кичево | | 5 | 3 | | 38 | 35 |
| 3. | Правен | Кичево | | 7 | 4 | | 48 | 39 |
| 4. | Технолшко-технички | Кичево | | 5 | 6 | | 22 | 28 |

М – машки пол

Ж - женски пол

## 8. Организација и тек на истражувањето

Истражувањето е спроведено во периодот мај и јуни 2011 , во академската 2010/2011 година. Во наведениот период беа изготвени инструментите, и беа дистрибуирани во дисперзираните факултети. Откако се спроведуваше испитувањето, преминавме на обработка на податоците.

Средувањето на податоците беше организирано на централизиран начин, што значи планирањето на истражувањето и сите други подготовки беа извршени на едно централно место. Инструментите кои беа потребни за истражувањето се подготвуваа и се дистрибуираа на теренот и откако беа потполнети од страна на испитаниците, инструментите и собравме и ги вративме во центарот за обработка.

Средувањето на податоците ги извршивме компјутерски, преку програмите за статистичка обработка.

# III. Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето

## 1. Ставовите на професорите за дисперзираните факултетите

Како што неколкупати веќе е наведено, дел од прашалникот се разликува помеѓу учесниците во истражувањето, така што следуваат одговорите и анализите само на оние прашања кои им беа поставени на професорите. Понатаму следуваат одговорите во кои се бараше од професорите да се определат во однос на поставените прашања.

Табела 1: Одговори на прашањето“Дали има потреба за дисперзирани студии во Кичево?”

| 1. Дали има потреба за дисперзирани студии во Кичево? | број на професори |
|---|---|
| Да | 14 |
| Не | 5 |
| Вкупно | 19 |

На првото прашање “Дали има потреба за дисперзирани студии во Кичево?”, преовладува ставот на професорите дека дисперзирани студии во Кичево се потребни. Имајќи го предвид интересот и состојбата на студентите, професорите потврдија дека има потреба за дисперзирани студии.




Дијаграм 1: Приказ на прашањето “Дали има потреба за дисперзирани студии во Кичево?”

Табела 2: Одговори на прашањето “Дали има ефект работата во дисперзирани студии?“

| 2. Да ли има ефект работата во дисперзирани студии? | број на професори |
|---|---|
| Да | 11 |
| Не | 6 |
| Недоволно | 2 |
| Вкупно | 19 |

На второто прашање “Дали има ефект работата во дисперзирани студии?”, преовладува ставот на професорите дека има ефект работата во дисперзираните студии, но исто така е воочлив процентот дека тоа сè уште не е доволно.




Дијаграм 2: Приказ на прашањето “Дали има ефект работата во дисперзирани студии?”

Табела 3: Одговори на прашањето “Какви се материјалните и техничките услови во кои се реализира наставата на дисперзираните студии во Кичево?”

| 3. Какви се материјалните и техничките услови во кои се реализира наставата на дисперзираните студии во Кичево ? | број на професори |
|---|---|
| Многу добри | 5 |
| Добри | 4 |
| Нормални | 10 |
| Вкупно | 19 |

На третото прашање “Какви се материјалните и техничките услови во кои се реализира наставата на дисперзираните студии во Кичево?”, мислењата се поделени, односно дека сѐ уште не се на потребно ниво.




Дијаграм 3: Приказ на прашањето "Какви се материјалните и техничките услови во кои се реализира наставата на дисперзираните студии во Кичево?“

Табела 4: Одговори на прашањето "Дали треба да постојат дисперзираните студии?"

| 4. Дали треба да постојат дисперзираните студии? | број на професори |
|---|---|
| Треба | 17 |
| Нема потреба | 2 |
| Не знам | 0 |
| Вкупно | 19 |

На четвртото прашање "Дали треба да постојат дисперзираните студии?", скоро 90% од професорите сметаат дека тие треба да постојат. Ова го објаснуваат имајќи ја предвид економската и социјалната состојба на граѓаните.




Дијаграм 4: Приказ на прашањето"Дали треба да постојат дисперзираните студии?"

Табела 5: Одговори на прашањето “Дали има интертехнички услови за реализација на наставата на дисперзирани студии?”

| 5. Дали има интертехнички услови за реализација на наставата на дисперзирани студии? | број на професори |
|---|---|
| Да | 4 |
| Не знам | 0 |
| Недоволно | 15 |
| Вкупно | 19 |

На петтото прашање “Дали има интертехнички услови за реализација на наставата на дисперзирани студии?”, професорите сметаат дека тие услови се недоволни. Своето мислење го изразуваат имајќи ја предвид финансиската состојба за потребите на интертехничките материјали.




Дијаграм 5: Приказ на прашањето “Дали има интертехнички услови за реализација на наставата на дисперзирани студии?“

Табела 6: Одговори на прашањето "Дали имаат интерес студентите да се запишаат во дисперзирани студии?"

| 6. Дали имаат интерес студентите да се запишаат во дисперзирани студии? | број на професори |
|---|---|
| Да | 19 |
| Не | 0 |
| Недоволно | 0 |
| Вкупно | 19 |

На шестото прашање "Дали имаат интерес студентите да се запишаат во дисперзирани студии?", професорите едногласно сметаат дека интересот на студентите е голем. Тоа го оценуваат со оглед на економската состојба на студентите.




Дијаграм 6: Приказ на прашањето "Дали имаат интерес студентите да се запишаат во дисперзирани студии?"

Табела 7: Одговори на прашањето "Дали се работи со ЕКТС ситем во наставата?"

| 7. Дали се работи со ЕКТС ситем во наставата? | број на професори |
|---|---|
| Да | 0 |
| Не | 15 |
| Понекогаш | 4 |
| Вкупно | 19 |

На седмото прашање "Дали се работи со ЕКТС ситем во наставата?", професорите сметаат дека не се работи или се работи понекогаш. Ова мислење го делат професорите поради тоа што не се обучени сите професори да работат по овој систем или непознавањето на овај систем на работата во наставата.




Дијаграм 7: Приказ на прашањето "Дали се работи со ЕКТС ситем во наставата?"

Табела 8: Одговори на прашањето "Како се изведува настава во дисперзираните студии?"

| 8. Како се изведува настава во дисперзираните студии? | број на професори |
|---|---|
| Современо | 2 |
| Класично | 14 |
| Мешано | 3 |
| Влупно | 19 |

На осмото прашање "Како се изведува настава во дисперзираните студии?", професорите сметаат наставата се изведува и класично и современо. Тоа е поради тоа што уште има професори од старите генерации и не го менуваат тој стил на работење во наставата.




Дијаграм 8: Приказ на прашањето "Како се изведува настава во дисперзираните студии?"

Табела 9: Одговори на прашањето "Во кои простории се изведува настава во дисперзираните студии?"

| 9. Во кои простории се изведува настава во дисперзираните студии? | број на професори |
|---|---|
| Приватни | 0 |
| Државни | 19 |
| Вкупно | 19 |

На деветото прашање "Во кои простории се изведува настава во дисперзираните студии?", професорите одговориле дека наставата се одвива во државни простории.Овие простории се уредени по современите стандарди како што му доликува на еден современ универзитет, а финансирани се од буџетот на државата.




Дијаграм 9: Приказ на прашањето "Во кои простории се изведува настава во дисперзираните студии?"

На десетото прашање "Дали се употебуваа ИКТ во наставата?"

| 10. Дали се употебуваа ИКТ во наставата? | број на професори |
|---|---|
| Да | 7 |
| Не | 4 |
| Понекогаш | 8 |
| Вкупно | 19 |

На десетото прашање "Дали се употебуваа ИКТ во наставата?", професорите одговориле дека ИКТ се користи понекогаш. Тие професори што знаат и умеат да го употребуваат ИКТ во наставата, тие го употребуваат, додека другите не го употребуваат.




Дијаграм 10: Приказ на прашањето "Дали се употебуваа ИКТ во наставата?"

## 2. Ставовите на студентите за дисперзираните факултети

Со истражувањето сакавме да го провериме мислењето на студентите околу дисперзираните факултети.

Табела 1. Одговори на прашањето “Дали има потреба за дисперзирани студии во Кичево?”

| 1. Дали има потреба за дисперзирани студии во Кичево? | број на студенти | % |
|---|---|---|
| Да | 210 | 100,0 |
| Не | 0 | 0,0 |
| Вкупно | 210 | 100,0 |

На првото прашање “Дали има потреба за дисперзирани студии во Кичево?”, студентите едногласно ги оправдуваат дисперзираните студии. Според исказите се потврдува хипотеза за потребите од дисперзираните студии.




Дијаграм 1: Приказ на прашањето “Дали има потреба за дисперзирани студии во Кичево?”

Табела 2: Одговори на прашањето "Дали има услови за реализација на наставата во дисперзираните студии?"

| 2. Дали има услови за реализација на наставата во дисперзираните студии? | број на студенти | % |
|---|---|---|
| Да | 84 | 40,0 |
| Не | 21 | 10,0 |
| Недоволно | 105 | 50,0 |
| Вкупно | 210 | 100,0 |

На второто прашање "Дали има услови за реализација на наставата во дисперзираните студии?", половина од студентите сметаат дека сè уште условите се недоволни. Според исказите на студентите се потврдува дека нема доволно услови за реализацијата и организацијата на наставата во дисперзираните студии.




Дијаграм 2: Приказ на прашањето "Дали има услови за реализација на наставата во дисперзираните студии?"

Табела 3: Одговори на прашањето "Дали се употребува современа технологија при изведување на настава на дисперзирани студии?"

| 3. Дали се употребува современа технологија при изведување на настава на дисперзирани студии? | број на студенти | % |
|---|---|---|
| Да | 78 | 37,1 |
| Не | 56 | 26,7 |
| Недоволно | 76 | 36,2 |
| Вкупно | 210 | 100,0 |

На третото прашање "Дали се употребува современа технологија при изведување на настава на дисперзирани студии?", половина од студентите сметаат дека се употребува современа опрема. Нивното мислење студентите го објаснуваат со тоа што некој од професорите не ги употребуваат современите технологиите во наставата, некој не знаа да ги употребува, додека на некој му е полесно на клсичен начин да ја изведува наставата.




Дијаграм 3: Приказ на прашањето "Дали се употребува современа технологија при изведување на настава на дисперзирани студии?"

Табела 4: Одговори на прашањето “Дали се работи по ЕКТС системот во наставата?”

| 4. Дали се работи по ЕКТС системот во наставата? | број на студенти | % |
|---|---|---|
| Да | 78 | 37,1 |
| Не | 32 | 15,2 |
| Недоволно | 100 | 47,6 |
| Вкупно | 210 | 100,0 |

На четвртото прашање “Дали се работи по ЕКТС системот во наставата?”, половина од студентите сметаат дека не се работи според ЕКТС системот во наставата. Бидејќи некој од професорите не сака да се ангажира многу при изведувањето на наставата.




Дијаграм 4: Приказ на прашањето “Да ли се работи по ЕКТС системот во наставата?”

Табела 5: Одговори на прашањето "Дали има интерес за запишување на наредната година во дисперзираните студии?"

| 5. Дали има интерес за запишување на наредната година во дисперзираните студии? | број на студенти | % |
|---|---|---|
| Да | 202 | 96,2 |
| Не | 8 | 3,8 |
| Недоволно | 0 | 0,0 |
| Вкупно | 210 | 100,0 |

На петтото прашање "Дали има интерес за запишување на наредната година во дисперзираните студии?", најголемиот дел од студентите одговорија дека има голем интерес. Тоа го изразуваат поради економската состојба која преовладува во граѓаните.




Дијаграм 5: Приказ на прашањето "Дали има интерес за запишување на наредната година во дисперзираните студии?"

Табела 6: Одговори на прашањето "Дали се редовни професорите во предавањата?"

| 6. Дали се редовни професорите во предавањата? | број на студенти | % |
|---|---|---|
| Да | 54 | 25,7 |
| Не | 48 | 22,9 |
| Не многу | 108 | 51,4 |
| Вкупно | 210 | 100,0 |

На шестото прашање "Дали се редовни професорите во предавања?", најголемиот дел од студентите одговорија дека не се доволно редовни. Некои од професорите не можаат да бидат редовни поради тоа што учествуваат во различити семинари или симпозиуми, домашни и меѓународни.




Дијаграм 6: Приказ на прашањето "Дали се редовни професорите во предавања?"

Табела 7: Одговори на прашањето "Дали сте задоволни со изведувањето на наставата од страна на професорите?"

| 7. Дали сте задоволни со изведувањето на наставата од страна на професорите? | број на студенти | % |
|---|---|---|
| Да | 104 | 49,5 |
| Не | 25 | 11,9 |
| Средно | 81 | 38,6 |
| Вкупно | 210 | 100,0 |

На седмото прашање "Дали сте задоволни со изведувањето на наставата од страна на професорите?", најголемиот дел од студентите се задоволни од изведувањето на наставата. Еден дел од професорите чувствуваат одговорност спрема студентите па поради тоа и им обврнуваат внимание во изведувањето на наставата.




Дијаграм 7: Приказ на прашањето "Дали сте задоволни со изведувањето на наставата од страна на професорите?"

## 3. Заклучни сознанија и препораки

Современите теденции во развој на високото образование овозможуваат примена на современи пристапи на планирање на воспитно-образовните содржини во предучилишното, основното и високото воспитно образование. Промени во образовниот систем се неопходни и не треба да се примаат со резерва. Ние имаме систем, ние сме заедно со студентите и општеството. Наша цел е да се обезбеди квалитетно, сериозно и релевантно образование за иднината и дека ние мора да се вклучиме во европскиот простор за високото образование со современите трендови и теденциии кои ни ги бара Европската унија за образование.

Целта на образованието е да се потикне креативноста и иновацијата кои ни се потребни за пронаоѓање на модел за живот за во 21 век, со акцент на издржливост, развој и доживотното учење. Реформите се незаобиколени и важен фактор на современата образовна работа. Областа на современите теденции за развој на високото образование е и полето на соработка, размена на дијалог, критичко размислување, разум, автономија и меѓузависност. Поради тоа и во рамките на учење за реформите како правило пред сè е принципот на почитување на системот, правило кое овозможува да прифатиме или одбиеме еден вид на дејствување. Најбезбеден критериум е да се дознае дали едно правило на однесување помага да се почитува владењето на системот. Тоа нè задолжува да се вреднуваат еднакво интересите на другите или подобро речено, интересите на сите. Се разбира ова правило во образованието треба да стане составен дел од системот на вреднувањето на вработените во образовниот систем. Затоа високо - образовниот систем мора да се справи со предизвиците на времето и што побрзо да се прилагодува, бидејќи од една страна се согласи на реформите на образованието и сите постојни законски одреби, додека од друга страна реални се очекувањата на остварувањата на интересите на современото општеството. Од изложеното, значи со еден збор речено образованието треба да придонесе на промената на личноста во сакaната насока, поради која се мисли на својствата (состојба, вештини, особини итн.) кои сè уште не се целосно или трајно формирани, туку тоа тежнее кон постигања на воспитно-образовниот систем.

Во магистерскиот труд се преставени теоретски предности на современите теденциите во развој на високото образование во Република Македонија, пристап на

воспитно-образовните содржини. Во спроведеното емпириско акциско истражување беше претставен развој на образованието во Република Македонија, Болоњскиот процес, систем на образование во Европските држави и воопшто за дисперзираните студии во Република Македонија.

Со овој скромен магистерски труд, настојувавме да покажеме реална слика на промените во воспитно-образовниот систем во Република Македонија.

# Користена Литература:


1. Ангелоска-Галевска, Н. (1998), Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието, Битола, Киро Дандаро.
2. Buczunski A. (2004) Europski sustav prijenosa bodova (ECTS), Polič M. (urednica), MZOŜ, Uprava za visoko obrazovanje
3. Vilotijević, M.( 1999), Didaktika- Organizacija nastave, Beograd, Učiteljski fakultet.
4. Vilotijević, M. (2000), Didaktika 1. Beograd, Naučna knjiga.
5. Vanja Ivoševič, Daniel Mondekar. Koen Geven i Alekx Bols: Vodič kroz osiguranje kvaliteta u visokom školstvu-prirućnik za profesore i studente, Zagreb, 2006 g
6. Galogaž, Milan, P.(2005), Savremeni menadzment, MM College, Sremska Kamenica.
7. Гоцевски, Т. (2003), Образовен Менаџмент, Куманово, Македонска ризница.
8. Гоцевски, Т. (2004), Економика во образованието, Куманово, Македонска ризница.
9. Гоцевски, Т, Гоцевски, С. (2009), Образовните системи во Европската Унија, Филозоски Факултет – Скопје, Киро Дандаро, Битола.
10. Danilović, M. (1996), Savremena obrazovna tehnologija, Institut za pedagoška istraživanja, Beograd.
11. D-r Drago Brankovič, d-r Mile Ilic, d-r Svetozar Milijevič, d-r Nenad Suzič i d-r Vukasin Gutovič: Pedagoško - psihološke i didaktičko metodičke osnove vaspitno-obrazovnog rada, Društvo pedagoga Republike Srpske, Banja Luka,1999 g.
12. D-r Rajko Kuzmanovič: Banjalučko školstvo u zemljotresu, NIGRO „Glas” OOUR IPD Banja Luka. 1986 g.
13. D-r. Rajko Kuzmanovic: Eseji o ustavnosti i drzavnosti, Centar za publikacija Pravnog fakulteta Univerziteta u Banja Luci, 2004 g.
14. D-r Rajko Kuzmanovič: Krajiski kulturno-prosvjetni front, Glas, Banja Luka, 1975g.
15. D-r Radomir Lukič: Metodologija prava, sabrana dijela, Beograd, 1995 g.
16. D-r Rajko Kuzmanovič i d-r Drago Brankovič: Osnovi drzavnog uređenja i školsko zakonodavstvo, PPGP Komesgrafika, Banja Luka, 2003 g.
17. D-r Novak Milosevič i Saša Milojevič: Osnovi metodologije bezbednosnih nauka, Beograd, 2001 g.
18. D-r Slobodan Ristanovič: Obrazovanje i društvo, Beograd, 1995 g.
19. D-r Midhat Samič: Kako nastaje naucno djelo, Sarajevo, 1972 g.
20. D-r Bogdan Ŝešič: Opšta metodologija, Naučna knjiga, Beograd, 1971 g.
21. D-r Milorad Zakič: Metodologija naučno istraživackog rada, Banja Luka, 2000 g.
22. D-r Leon Žlebnik : Opsta istorija školstva i pedagoških ideja, Naučna knjiga, Beograd, 1962 g.
23. D-r Bogdan Ŝešič: Opšta metodologija, Naučna knjiga, Beograd, 1971 g.
24. ISKORAK 2001 Razvojna strategija Sveučilišta u Zagrebu, Sveučilišni vjesnik, vol.49, br. 1-2, Zagreb, 2003 g.

25. Кларин,М. (1995), Педагошка технологија во наставниот процес, Педагошки завод на Македонија, Скопје.
26. Камберски, К. (1994) Од буквар до Универзитет, Развојот на образованието во Македонија по ослободувањето, Просветно Дело, Скопје.
27. Milan P. Galogaža : Komunikologija, MM College. Novi Sad, 2003 g.
28. Milan P. Galogaža i Marina Galogaža : Filozofija zivote, MMCollege, Novi Sad. 2001g.
29. Milan P. Galogaža: Menadžment zdravstva – menadžment neprofitnih organizacija, MM College, Novi Sad, 2004.g.
30. Convention on the Recognition of Qualifications Concerning High Education in the European Region, Lisbon, 1997
31. Нацрт програма за развој на образованиеето во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи, Министерство за образование и наука
32. Петковски, К.(1998), Менаџмент во училишта, Скопје, НИРО , Просветен работник
33. Петковски, К., Алексова, М. (2004), Водење на динамично училиште, Скопје, Биро за развој на образование.
34. Поповска, З. Систем Управување Економија, Скопје.
35. Поповски, К. (1998), Успешен наставник, Скопје, Просветно дело.
36. Prof. d-r Željko Baroš: Osnovi menadžmenta, Banja Luka, 2005 g.
37. Prof. d-r Żeljko Baros: Preduzetništvo i preduzetnički menadžment, Fakultet poslovne ekonomije, Banja Luka, 2006 g.
38. Prof. d-r Zdenka Durič: Upravljanje promjenama, Fakultet za preduzetni menadžment,Univerzitet, Braċa Karič, Novi Sad, 2004 g.
39. Prof. d-r Gvozden Flego: Visoko obrazovanje u Hrvatskoj – sadašnjost i buduĉnost, Centar za istraživanja i razvoj obrazovanja, Zagreb, 2001 g.
40. Peter Drucker : Efikasan direktor , Binoza pres, Zagreb, 2001 g.
41. Prof. Branislav Mašič, prof. D-r. Ranko Lonĉarevič: Menadžment-škole i novi pristupi (drugo, prošireno izdanje), Ekonomski fakultet, Banja Luka, 2004 g.
42. Prof. d-r Nenad Suzič : Pedagogija za XXI vjek, TT- Centar, Banja Luka, 2005 g.
43. Prof. d-r Nenad Suzič: Animiranje studenata u univerzitetskoj nastavi, Fakultet poslovne ekonomije, Banja Luka, 2005 g.

44. Flego, G. (2001), Visoko obrazovanje u Hrvatskoj - sadašnjost I budučnost, Centar za istraživanja i razvoj obrazovanja, Zagreb.
45. The European Higher Education Area, Joint Declaration of the European Ministers of Education, Convened in Bologna on the 19th of June 1999;
46. Шуклев, Б. (2004), Менаџмент, Скопје,Економски факултет.
47. World Conference on Higher Education, Higher Education in the Twenty-first Century: Vision and Action, 9 October, Paris, 1998;
48. www.about.com
49. www.bro.gov.mk
50. www.edukacija.net
51. www.fzf.ukim.edu.mk
52. www,forum.kajgana.kom
53. www.mon.gov.mk
54. www.wikipedia.com.mk
55. www.studentet.info
56. www.ttfv.uklo.edu.mk
57. www.uklo.edu.mk
58. .http://www.soros.org.mk/dokumenti/DISPERZIRANI-Prezentacija-za-press.ppt
59. http://www.un.ro/unesco_cepes.html
60. http://www.see- university.com/english/index.asp
61. http://www.ttfv.uklo.edu.mk/

# Прилози

**Прилог 1 : Анкетен прашалник**

## Анкетен лист за професорите

Почитувани, со анкетниот лист би сакале да дојдеме до информации кои ќе ни овозможат успешно да го извршиме нашето истражување. Анкетниот лист е составен од неколку разновидни прашања на кои бараам прецизни одговори и коментари на вашите одговори.

Од искреноста на вашите одговори ќе зависи успешноста на ова истражување. Пополнувањето на прашалникот е анонимно и податоците ќе бидат искористени исклучиво за научни цели на ова истражување.

Однапред Ви благодариме за издвоеното време.

| 1. | Име на факултетот | Општина во која работи факултетот | Образование | | | Пол | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | В.О. | Мг. | др. | м | ж |
| 2. | | | | | | | |
| 3. | | | | | | | |
| 4. | | | | | | | |
| 5. | | | | | | | |

Со овој прашалник би сакале да го испитаме мислењето и ставовите на професорите во врска со дисперзираните студии во Кичево.

1. Дали има потреба за понатамошен развој на дисперзирани студии?

Да

Не

Не знам

2. Дали има ефект  работата во дисперзирани студии?

Да

Не

Недоволно

3. Какви се материјалните и техничките услови во кои се реализира наставата на дисперзираните студии во Кичево ?

Многу добри

Добри

Нормални

4. Каков е вашиот став кон дисперзираните студии?

Треба да има

Нема потреба да има

Не знам

5.Дали има интертехнички услови за реализација на наставата на дисперзирани студии.?

Да

Не

Недоволно

6.Дали имаат  интерес  студентите да се запишаат во  дисперзирани студии?

Да

Не

Недоволно

7. Дали се работи со ЕКТС ситем во настава?

Да

Не

Некогаш

8. Како се изведува настава во дисперзираните студии?

Современо

Класично

Мешано

9. Во кои простории се изведува настава во дисперзираните студии?

Државни

Приватни

10. Дали се употебуваа ИКТ во наставата?

Да

Не

Некогаш

## Анкетен лист за студентите

Почитувани, со анкетниот лист би сакале да дојдеме до информации кои ќе ни овозможат успешно да го извршиме нашето истражување. Анкетниот лист е составен од неколку разновидни прашања на кои бараам прецизни одговори и коментари на вашите одговори.

Од искреноста на вашите одговори ќе зависи успешноста на ова истражување. Пополнувањето на прашалникот е анонимно и податоците ќе бидат искористени исклучиво за научни цели на ова истражување.

Однапред ви благодариме за издвоеното време.

| 1. | Име на факултетот | Општина во која работи факултетот | Година | Пол | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | м | ж |
| 2. | | | | | |
| 3. | | | | | |
| 4. | | | | | |
| 5. | | | | | |

1. Дали има потреба за дисперзирани студии во Кичево?

   Да

   Не

   Не знам

2. Дали има услови за реализација на наставата во дисперзираните студии?

   Да

   Не

   Недоволно

3. Дали се употребува современа технологија при изведување на настава на дисперзирани студии?

Да

Не

Недоволно

4. Да ли се работи по ЕКТС системот во наставата?

Да

Не

Недоволно

5. Дали имаа интерес за запишување на наредната година во дисперзираните студии?

Да

Не

Не многу

6. Да ли се редовни професорите во предавања?

Да

Не

Не многу

7. Да ли сте задоволни со извеудањето на наставата од страна на професорите?

Да

Не

Средно